СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

доверливо бр.141

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од петтото продолжение на Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 10 април 1992 година

Скопје, април 1992 година

ДИСКУТАНТИ ОД 35-та СЕДНИЦА ( ПЕТТО ПРОДОЛЖЕНИЕ )
НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА ,ОДРЖАНА НА 10.04.1992г

1. АНДОВ СТОЈАН - 3,5,7,16,26
2. АРСОВСКИ БРАНКО -8
3. АТАСТАСОВСКИ МИТКО- 7,14,51
4. БЕЌИР ЖУТА - 57
5. ГОШЕВ ТУШЕ - 64
6. ГОШЕВ ПЕТАР - 42
7. ЃЕОРГИЕВ ПЕТАР- 23,56
8. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 10,25
9. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР- 57,61
10. ЃОРЧЕСКИ БОРКО - 20
11. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР -56
12. ДАВЧЕВ САНДЕ - 58
13. ИВАНОВ ЉУБОСАВ - 20
14. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО - 41
15. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН- 13
16.ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА- 4
17 .КРСТЕВСКИ 30РАН- 41,43
18. КРСТЕВСКИ НИКОЛА- 45
19. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО -
39
20.МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР- 24
21.МИЛКОВСКИ СТРАШО- 12
22.НАУМОВ ЃОРЃИ- 5
23.НИКОЛОВСКИ ЈАНКО- 52
24.ПЕТРОВ ТОДОР- 16,66
25.ПЕТКОВСКИ ТИТО- 28,36,41,42
26.СТАМЕНОВ РИСТО- 5,27
27. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ- 6
28. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА- 13
29. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА- 16
30.САБРИУ ИЛИЈАЗ- 17
31.СТОЈКОВ СТОИЛЕ- 21
32.СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ- 59
33. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР- 19
34.ТОШЕВ БЛАГОЈ- 38
35.ТОШЕВСКИМЕТОДИЈА- 57,61,63
36. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР- 22
37. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР- 49
38. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ- 45

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од петтото продолжение на Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 10 април 1992 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 10,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Известен сум дека во салата е присутен минималниот број пратеници за да можеме да почнеме со работа, меѓутоа, треба да внимаваме да не излегуваме додека работиме. Ќе дадеме правовремено кратка пауза.

Пратениците Петре Трајановски, Душан Трпчевски, Панче Насев, и Димитар Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да продолжиме со работа, сакам да укажам дека пред Собранието претстои обемна работа со многу седници и многу точки на дневен ред на кои треба да одлучуваме за многу значајни прашања. Поради тоа, а имајќи ги предвид забелешките што се упатуваат до Собранието во врска со неговата работа, потребна е максимална присутност на сите нас и редовно присуство за времетраењето на седниците, а излегувањето од салата додека трае седницата да биде само поради неодложни и објективни причини. Само со таква концентрација може да се постигне поголема ефикасност во работата на Собранието.

Исто така,. сакам да укажам дека од таканаречени политички причини, напуштањето на седниците на Собранието од страна на поедини парламентарни групи не е во согласност со вообичаена практика на работењето на парламентите и дека треба да се избегнуваат такви постапки заради тоа што тоа може да води, навистина, до блокада во одлучувањето на Парламентот.

**Минуваме на точката 24** - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за стопанските престапи, со Предлог на закон.

- Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, ЗПК ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за доенсување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието

му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Прелдогот за донесување на закон за изменување на Законот за стопанските престапи.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (Нема) *

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој,се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлгоот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 10 и член 12 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на Текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлгот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(54).

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Молам, да гласаме сите. Имаме присутни 64 пратнеици а гласале само 54.Значи, 10 пратеници не гласале.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за стопански престапи.

**Минуваме на точката 25.** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, со Предлог на закон.

Предлгоот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна полтика и општонародна одбрана и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е у своен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање,(Не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлгоот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес,

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 1 став 2 и на член 9 став 2 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на Текстот на Предлогот назаконот.

Пратеникот Ѓулистана Јумеровска, поднесе амандмани на член 7, член 9 став 1, член 9, член 10, член 11, член *26* став 1 и став 2, член 27, и на член 29 со кој не се согласил претставникот на предагачот.

Законодавно-правната комисија и Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана не ги подржаа амандманите поднесени од пратеникот Ѓулистана Јумеровска.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Ѓулистана Јумеровска.

Го молам предлагачот да го образложи амандманот.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, да кажам дека присуствував на седницата на ЗПК при што нужно внимание се обрна само на амандманот на член 7 а не и на останатите. Притоа најголем збор стана за минималната казна која што во Македонија е 500 динари односно за распонот на казните што изнесува од 500 до 250 илјади динари.

Мислам дека е илузорно да зборуваме за било каква казна чиј што износ изнесува 500 динари со оглед на сето она што го имаме во денешнава состојба, меѓутоа и на сето она што Македонија го има понатаму,а пред се хиперинфлацијата за која тука стана збор. Дури и распонот од 250 илјади динари, тоа се 250 стари милијарди со што се казнуваат најчесто правните лица и денеска е минимална сума, а не во моментот крга ке почнат да делуваат казните.

Според тоа, ако сакаме да градиме таква казна на политика што ке ги стимулира сторителите на прекршоците, тогаш овој закон можеби немаше потреба да се менува. Бидејќи сметам дека таков закон не треба да се носи, туку напротив, кажав, со казната треба секој сопствениот буџет да го погоди за да натаму не се стимулираат луѓето да прават прекршоци, тогаш мислам дека сите амандмани треба да се усвојат.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор министерот за правосудство и управа господин Ѓорги Наумов.

ЃОРГИ НАУМОВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници и на комисиите расправавме, предлогот на пратеничката е минимумот да биде 50 илјади динари а максимумот 500 илјади динари.

Во нашиот предлог тргнуваме минимум 500 динари а максимумот 250 илјади динари. Се работи за рамковна казна од општ минимум и општ максимум, бидејќи со посебни закони се определуваат прекршоците и се определува висината на секој прекршок.

Ако за погрешно паркирање предвидиме минимум, како што предлага пратеникот 5000 динари, со можност до 500 илјади, мислам дека граѓаните ке ги изложимне на преголеми издатоци. Прекршоците се бројни. Ние треба со други инструменти да се бориме да не се прават прекршоци. Во крајна линија, за било кој друг прекршок од најмала природа, едно плукање на улица 5 илјади динари да се даде? Судот може да го казни минимум 500 до 250, може да го казни и 2000, а може да го казни и 3000 и 4000 динари. Но, минимумот е сегашната економска состојба на секој прекршител, во конкретен случај при реализација на казната.

Затоа предлагаме да не се усвои предлогот на пратеникот бидејќи во тој случај казната е многу голема.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникот Јумеровска.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, овде беше спомнато колкава ке биде казната за погрешно паркирање. Меѓутоа, јас само ке кажам дека најевтините женски чорапи чинат веќе 500 динари, а да не спомнувам натаму кога ќе почне да се применува овој закон по два или три месеци, кога веќе и овие предложени амандмани за нивната вредност ќе бидат обезвреднети.

Бидејќи е ова рамковен закон според кој ке треба понатаму да ги изменат да ги валоризираат своите вредности сите инспекциски служби, тогаш не знам на што ќе се сроза работата на инспекциските служби ако и оваа Влада се залагаше за една ефикасна инспекција кога ќе може превентивно да делува а не со казни, ако веќе има вакво казнено орудие.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Стаменов.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Не се согласувам со амандманот. Образложението не е во ред. Ние на минатата седница дискутиравме, дека граѓаните ќе одговараат и дека со 50 динари се строго казнувани. Бидејќи не изменивме ништо на законите и овој треба да остане таков, затоа што не можеме граѓанинот да го казниме 3 години затвор затоа што украл пенкало од 100 или 200 динари, а да има казна минимум 5 илјади дианри. Мислам дека во овој момент мора едните и другите закони да бидат усогласени.

Од тие причини сметам дека сега не е момент да се прифати овој амандман бидејќи сите други амандмани не ги прифативме на минатата сендица и останаа така. Предлагам ова да не се прифати и да остане така како што предлага Министерството, бидејќи во еден нареден период тие казни треба да се усогласуваат едните со другите. Инаку, би направиле страшна грешка.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дами и господа, овде се работи за утврдување на рамките во кои ќе може со посебни закони да се определуваат казни за одредени прекршоци.

Господинот Стаменов добро го забележа тоа кога рече дека пред два дена расправавме по Кривичниот законик, сега Кривичен законик, општ и посебен дел на Македонија кој е уважен и таму се одредуваат основните економски мерила односно паричната вредност што ќе треба да биде и одбележје на кривичното дело.

Ако овде бараме да ги споредуваме пак сега дали тоа ке бидат женски чорапи или не, или нешто друго, дали ке биде плукање, на улица или не, друг е елементот. Овие прекршоци најповеќе се однесуваат за сообраќајот. Можам слободно да кажам дека државата е, најмалку организирана да може да го следи развојот на сообраќајот, Во ниту еден град немаме обезбедено, ако не повеќе, барем 10% од бројот на моторните возила во сообраќајниот промет да имаат запазено и организирано паркиралиште. Се се работи на диво. Тогаш се прашувам дали немоќта на државата ке треба да ја префрлиме на потешки казни на граѓаните.

Овие казни, кој не ги плаќа не ги чувствува колку се тешки. Законот за прекршоци е таков што доведува за еден ден да можат да се направат 100 прекршоци, што не е предвидено со другите одговорности. Според тоа, оваа масовност се покрива со мала висина на казната.

Ве молам, госпоѓицата Ѓулистана, тргнувајќи од својата работа како инспектор, па било понижувачко тоа да го претстави на ЗПК некого да казни со одредена казна бидејќи немала воспитно-правно дејствие. Воглавном, досега, казните се однесувале на физичките лица. Ако беа во прашање правни лица, кој беше општествен сектор, тогаш казните таму беа решавани на друг начин, со опомена, со пуштање во работа, со неподнесување на пријави и сл. Казната нека биде за секого еднаква и ќе се постигне целта на казнувањето.

Сум на предлог овој амандман да не биде прифатен, како и наредниот, затоа што казната треба да биде средство за превоспитување а не средство за одмазда.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (35).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од

пратеникот Ѓулистана Јумеровска.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:(од место)

Инсистирам уште еднаш да се пребројот гласовите.

СТОЈАН АНД0В:

Вие не можете да барате пребројување. Можете да барате поединечно гласање.

Молам, дали има 10 пратеници кои се за предлогот на Митко Анастасовски, да се гласа поединечно? (Нема)

Констатирам дека предлогот на пратеникот Митко Анастасовски не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 9, став  1, поднесен од пратеникот Ѓулистана Јумеровска.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучуванм претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (23)

Дали е некој против? (Пратениците креваат рака)

Дали некој се воздржува од гласањето(4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9, став 1 поднесен од пратеникот Ѓулистана Јумеровска.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поденсен од пратеникот Гулистана Јумеровска.

Информиран сум дека пратнеикот Гулистана Јумеровска дека пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11.

Информиран сум дека пратеникот Гулистана Јумеровска ги повлекува сите поднесени амандмани.

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлгоот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака, 60).

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање (1) .

Констатирам дека Собранието го донесе законот за из менување и дополнување на Законот за прекршоците.

**Минуваме на точката 26** - Предлог за доенсување на закон за заштита на лични податоци.

Предлгоот за доенсување на законот и извештаите на Комисијата за општествено -политички систем, Комисијата за образование, наука и култура, Законодавно-правната комисија, и забелешките на пратеникот Тодор Петров Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собчранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за заштита на лични податоци.

2. Собранието го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието на Репбулика Македонија и забелешките на пратеникот Тодор Петров.

Овој заклучок, заедно со извештаите од Комисијата за општествено политички систем, Комисијата за образовние, наука и култура, ЗПК и забелешките на пратеникот Тодор Петров, да се достави до Владата на Репбулика Македонија и Министерството за наука.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 27.** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот, извештаите на Комисиајта за труд и социјална политика, Комисиајта за финансирање и буџет, Комисијата за земјоделство и шумарство, ЗПК и Мислењето на Владата на Репбулика Македонија Ви се доставени односно поделени.

Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК на предлог на предагачот го разгледаа само Предлогот за донесување на овој закон и предлагаат Собранието на оваа сендица да го разгледа само Предлгоот за донесување на закон.

Отворам претрес по Предлгоот за доенсување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Аросовски,

БРАНКО АРСОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Поднесениот предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со Предлог на закон, предложен од Александар Гештаковски претставува чекор напред во смисла на подобрување на животните услови и обезбедува одредена социјална сигурност на граѓаните кои оствариле

право на земјоделска пензија по основ на земјоделие, односно лица кои станале осигуреници според Законот за старосно осигурување на земјоделците од 1 јули 1978 година. Меѓутоа, со донесувањето на законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување 1989 година согласно член 151 , престана да важи Законот за старосно осигурување на земјоделците кои се применуваше од 1 јули 1978 година, што значи од 1989 година другите лица земјоделци кои ќе го исполнат основниот услов 65 години односно 60 години старост и 15 работен стаж, а кои партиципираат на име пензиско и инвалидско осигурување можат да остварат право на пензија која е во рамките на најнискиот износ на пензија што во овој случај изнесува околу 8.300,00 динари. Додека претходните лица кои оствариле право на пензија како земјоделци осигуреници според Законот од 1 јули 1978 година немаат право на оваа висина. Така, тие во овој момент користат пензија во висина од 253,43 динари, а нивниот број изнесува 25.068 корисници односно 27.852 со оние кои го користат ова право под нешто изменети услови.

Бидејќи се работи за категорија на земјоделци кои се постари и се наоѓаат во длабока старост , со нарушена здравствена состојба, па од овие и од многу други причини предлагам да се прифати предлогот за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување што го пред-лага господинот пратеник Гештаковски, а Предлогот на законот да се одложи за наредната седница со цел Владата да направи напори за изнаоѓање на соодветно решение и ни предложи решение кое ќе биде во функција, односно во интерес на оваа категорија граѓани.

Или во спротивно предлагам постојниот да се укине бидејќи нема заштитна функција, туку барем за мене понижувачка затоа што оваа категорија граѓани се ставени во многу нерамноправна положба со останатите граѓани на оваа возраст.

БОРКО ЃОРЧЕСКИ:

Ова е иницијатива, барање од граѓаните на општина Прилеп.

Во текот на 1983/84 година постоеше рок за поднесување на барања за признавање на пензиски стаж за време поминато во членство и работа во Селските работни задруги за периодот од 15.05.1945 до 31.12.1959 година и тоа на лица кои работеле и членувале и на кои тоа им било единствена работа и главно занимање. Рокот за поднесување на барања се однесуваше за признавање на пензиски стаж врз основа на изворна документација а и врз основа на сослушување на сведоци.

Изворната документација - евиденција за селските работни задруги на подрачјето на општина Прилеп во текот на 1957 година е изгорена и на граѓаните од оваа општина единствен пат за докажување на работниот стаж им останувaше предлагање на сослушување на сведоци пред надлежната служба за пензиско и инвалидско осигурување.

Многу граѓани од општината поради незнаење, неукост, неписменост, немање потреба од споменатиот пензиски стаж, не го

/за

пазиле рокот за поднесување на барања за докажување на работниот

стаж за членство и работа во СРЗ. А тоа не е само во Прилеп.

Барањето се состои во следното:

Да се внесе посебен член на Законот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија со кој што ќе биде овозможено да граѓаните на РМ можат да го докажуваат своето работење во СРЗ од 15.05.1945 до 31.12.1959 година врз основа на сослушување на сведоци.

Образложение:

Со Законот за пензиско осигурување на земјоделците "Службен весник на Република Македонија" 4/89), земјоделците со наполнување на 65 години старост и 15 години на пензиски стаж ги исполнуваат условот на пензија.

Повеќе граѓани на РМ на кои им е признат во пензиски стаж времето во работа и членство во СРЗ, со денот на стапување во сила на одредбите од Законот за пензиско и инвалидско осигурување на земјоделците 12.02.1992 година ќе се остварат со право на пензија, додека оние на кои не им е признато во пензиски стаж работата и членството во СРЗ не можат да се остварат со ова право, бидејќи од 01.07.1978 до 12.02.1992 година има вкупностаж
на осигурување како земјоделец 13 години 7 месеци и 12 дена и им недостасува уште 1 година и 5 месеци стаж на осигурување, се разбира ако немаат друг пензиски стаж.

Како не би биле во нерамноправна положба овие граѓани на кои не им е признат пензискиот стаж во однос на оние на кои им е признат или со оние каде што постои изворно документација - евиденција што се најдува во историските архиви во Република Македонија го доставуваме споменатото барање за (измена и дополнување - амандман на законот ) .

Да напоменам дека се работи за мал број на земјоделци што треба да го остварат тоа право.

Молам, стенограмот од мојата дискусија да се вклучи во заклучокот.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Дали има потреба или нема потреба од измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување , јас сметам потребата е неминовна односно постојат две варијанти. Или да го измениме законот или да го укинеме. Од кои причини ќе нагласам малку покасно , бидејќи сега не би се впуштал да го објаснам делот заради кои дојде до измената и предлогот бидејќи добро го објасни претседателот на Комисијата за труд и социјална политика, па да не се повторуваме, како го стекнаа тоа право и беше добро познатр на кои дел и на кои корисници на старосна и семејна пензија се однесува. Тој закон се однесува

на индивидуалните земјоделски производители кои стекнаа право на пензија согласно Законот за старосно осигурување на земјоделците. Потребата најдобро ќе ја илустрирам во однос на образложението како предлагач на Законот во комисиската расправа и кое е сублимирано во еден од новинарските известувачи, кој , цитирам директно вели: "можеби апсурдно незамисливо и невозможно , а како што тврдат подобро упатените го нема во ниедна земја во светот. Меѓутоа, сосема е вистинито дека во Републиката на околу 28.000 индивидуални земјоделци старосно

осигурани им се исплатува пензија со која денес можат да си купат само две кутии , и тоа просечна марка цигари". Да не набројувам дека тоа не е ни пола марка, трошоците на поштарот изнесуваат повеќе, трошоците на она што се печати, компјутерите изнесуваат повеќе и мислам дека затоа е таа варијанта или да се оди на измена, да им се овозможи минимум на овие корисници на пензија, старосна или семејна, или делот на законот, за кој мораме да нагласиме дека индивидуалните земјоделци - корисници во другите делови на пензиско-инвалидско ги користат истите , односно приближни права со исклучок на боледување или слично. Се работи само за делот во однос на надоместокот кој некои го нарекуваат пензија, или не е пензија, но таа е за мене старосна земјоделска пензија. Тука мислам дека се кажува ова кои беа причините. Дали потребата од донесување и понатамошната расправа по овој тек на овој закон, бидејќи има и мислење на Комисијата би ја следел од два други аспекта.

Пред се, битно е мислењето на Владата кое беше доставено. Морам да истакнам дека мислењето на Владата во основа не го поддржува предлогот за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и мислам дека тука има одреден куршлус. Пред се мислењето на Владата се однесува на решенијата во Предлогот на законот, а не за потребата од измена и дополнување, бидејќи во завршните одредби од своето мислење Владата , особено по образложението по амандманите од пратеникот Тодор Петров, тврди дека оваа невозможна состојба треба да се надмине. На овие луѓе треба да им се овозможи барем минимум егзистенција. Затоа, во понатамошниот тек на расправата откако ќе се искажат и пратениците ќе биде добро да го слушнеме мислењето на претставниците на Владата како би можеле понатаму дали како овластен предлагач ќе ги користам можностите кои се дадени, односно и на оваа седница да се расправа согласно член 316 од Деловникот по Предлогот на законот или ќе ја одложиме односно како овластен предлагач ќе му ги пренесам на Владата тие права , или ќе предложиме нов закон заедно со надлежните комисии за наредната седница.

Тоа е основното што треба да се расчисти за натамошниот тек.

Друго, што сметам дека е многу битно е тоа што во текот на расправата мислењето на комисиите, кое беше изнесено од претставникот на една комисија, сите матични комисии изразија поддршка на измена во напатствие. Сметам дека ништо не е проблематично во овој проблем, но проблем е билансните состојби во однос на кои беа работени и во однос на решенијата од предлогот на законот.

Покрај ваквите мислења во одредени известувачи и во одредени кругови се створа една дилема. Доколку се прифатат решенијата со едно зголемување на износот на овие пензии во основа се руши системот на пензиско-инвалидско осигурување. Тврдам дека правно не е точно бидејќи овие луѓе влегле во системот на пензиско-инвалидско осигурување со Законот за измена на пензиско инвалдиското осигурување за 1989 година се изедначени приближно. Измената исклучиво се нуди во однос на зголемување на износот . На зголемување на износот, а тоа што како основа и мерило за определување на надоместокот е земена основицата од член 28 став 2 од Законот за пензиско -инвалидско осигурување е затоа што најмала пензија во Македонија тоа е основа. Таа е основица за оние луѓе кои имаат над 15 однсоно до 25 години пензиски стаж , а над 55 односно 60 години старост, што не значи дека во тие биланси може да се билансираат и други износи и односи за обезбедување на минимум. Значи износот се регулира . Не бараме да ги изедначиме со тие луѓе бидејќи ќе створиме правна празнина за други барања и други остварувања.

Сметам дека тука нема никаква дилема и побудите кои биле за воведување на ова е нешто друго во претходниот период.

Јас ќе се задржам само на уште едно прашање - кои беа причините за предлагање на еден ваков закон.

Прво, причините кои беа за една реформа и стабилно. земјоделство треба да се тргне од два основни појдовни елементи.
Пред се реформата во земјишната политика. Доколку ја решиме земјишната политика во земјоделието како основни системски закони и социјалната сигурност на земјоделците ќе добиеме она што го бараме и овој Парламент и оваа Влада. Тоа е здрава и евтина храна. Се друго што го нарекувавме овде и на голема врата го воведувавме како системски закони сметам дека тоа е се тековна политика која се надградува и која доведува до надградба во земјоделието.

Друга причина конкретна , која што сакам да ја истакнам и да ја кажам за потребата во однос на износот е од искажувањето на еден корисник на оваа пензија. Буквално ќе ви цитирам: "а, бе синко, преземете нешто таму во однос на нас. Зошто? Кога ќе дојде поштарот ми носи пензија. Ќе дојде внучето дај дедо од пензијата целата да му ја дадам не може да купи ни едно чоколатче, ми ја враќа назад."

СТРАШО МИЛКОВСКИ:

Почитувани пратеници, сметам дека предлогот на пратеникот Гештаковски за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување треба да се поддржи.

Како што е истакнато и во предлогот , основната цел на законот за старосно осигурување на земјоделците, а тоа е создавање услови за обезбедување минимум материјална и социјална сигурност на земјоделците фактички е неостварена. На сите ни е јасно дека добивањето пензија од 130 динари не претставува никаква материјална и социјална сигурност, а земјоделските пензионери тоа го доживуваат како понижувачко во однос на државата кон нив.

При изјаснувањето по предлогот сметам дека треба да ги имаме во предвид следните факти:

Прво, корисниците на вакви пензии се постари луѓе со преку 70 годишна возраст, со амортизирана работна способност, односно изнемоштени така што прифаќањето на предлогот и измената на предложената законска регулатива ќе претставува еден хуман гест во однос на државата кон ваквата категорија на пензионери.

Второ, ваква обврска државата треба да преземе имајќи го во предвид и фактот што се работи за земјоделски производители кои целиот досегашен период давале значаен материјал придонес на нашата заедница. Така на пример преку тутунопроизводството се обезбедувани значајни девизни средства, а преку даноците и значајни средства за обезбедување на функциите на државата. Потоа, со лимитирањето на цените на определени земјоделски прехранбени производи се штитеше животниот стандард на населението итн. За возврат на тоа селото не го добиваше соодветниот третман во развојната политика и во разрешувањето на комуналните и други проблеми. Дека е тоа така се покажа преку силно изразениот процес на миграционите движења село-град.

Трето, со позитивното изјаснување по предлогот ќе создадеме услови да се избегне несразмерната голема разлика помеѓу старите и новите земјоделски пензии која изнесува 40 према 1. Ваквиот однос во висината на пензијата во никој случај не е резултат на толкавата разлика во платениот придонес за пензиско и инвалидско осигурување. Неправичноста посебно е изразена кај оние земјоделци кои оствариле пензија според Законот за старосно осигурување на земјоделците, а кои покрај земјоделскиот стаж и имаат пет до шест или повеќе години работнички стаж

на осигурување. Така, има случаи пензионерот да има стаж на осигурување од 17 однсоно 18 години, од кои 9 односно 10 години работнички стаж на осигурување , а ќе земе 40 пати помала пензија од новиот земјоделски пензионер кои има 15 години стаж на осигурување, од кои две години стаж во СРЗ , а другиот е земјоделски стаж. Такавите несразномерности, големи разлики со ништо не можеме да ги оправдаме поради што и треба да се создадат услови за нивно усогласување.

Четврто, на крајот не треба да заборавиме и на вистината дека ние досега не сме имале коегзистентен систем на распределба на доходот, примарна и секундарна, а со тоа и на распределба на личните доходи. На сите ни е познато дека битно беше каде работиш, а не колку работиш. За исти труд се земаат различни лични доходи итн. Таквиот систем на распределба понатаму на соодветен начин се пресликува и го продолжува својот живот и во пензискиот систем преку пензиите. Тоа , пак ни дава за право да направиме соодветна корекција на законот и на другите пензиски прописи и во нив да најдеме место и за оваа заборавена категорија на граѓани.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, во тој контекст имам поставено пратеничко прашање во однос на селските работни задруги каде не можат да си го остварат стажот пензионерите, односно оние кои треба да остварат лична пензија. Затоа во потполност ги поддржувам дискусиите на претходните пратеници и предлагам, ако може, веќе во предлог на закон да се продолжи рокот на оние земјоделци кои учествувале во селските работни задруги, а не го оствариле своето право со докажување со сведоци, бидејќи во Прилеп и Прилепско, Кочани и Кочанско, и Штипско се изгорени тие документи и не можат луѓето да докажат, а сведоци сме дека сите беа принудени да учествуваат во тие селски работни задруги.

Ова прашање го имав поставено и во претходниот мандат, меѓутоа, и овој пат е даден истиот одговор само препишан и ми е доставен. Инаку, не би било добро за оние земјоделци кои земаат 230 динари или 40 фенинга земено на црно марката пензија, па ве молам дали со тоа успеавме да ги најдеме непријателите на Македонија каде им доделуваме 230 динари пензија. Затоа апелирам и го замолувам ова Собрание да го изгласаме овој закон сите да имаат ист третман уживатели на пензии, бидејќи со 230 динари тоа го нема никаде, па и на улица да појде ќе ги собере тие пари. Дали сакаме и тие да ги ставиме под питачки стап. Ве молам и апелирам уште еднаш до овој Парламент до сите нас пратениците да ги прифатиме заклучоците што ги поднесоа Гештаковски, Милковски и Арсовски, и се надевам дека ќе го изгласаме.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Почитувани пратеници, Комисијата за финансирање и буџет го разгледа предлогот за донесување за изменување и дополнување на

Законот за пензиско и инвалидско осигурување и го поддржа предложениот текст на Законот, но со следните забелешки.

Инаку, Комисијата смета дека има потреба од донесување на еден ваков закон и дека на оваа седница треба да се гледа само Предлогот за донесување на законот, тргнувајќи од следното: Бидејќи во Републиката има околу 28 илјади пензионери кои земаат старосна пензија, а таа просечно изнесува околу 253 динари, на Комисијата беа истакнати мислења дека е тоа под нивото и достоинството на секој еден пензионер да ја зема таа пензија која е во висина од 4 кгр. леб или два три литри млеко, па поради тоа бидејќи исто така и трошоците што се прават околу пренесување на средствата преку поштата, преку СОК,преку компјутерската обработка дека чини многу повеќе од висината на пензијата, Комисијата сметаше дека треба, пред се, да се предвиди некоја прифатлива сума на средства како пензија имајќи го предвид придонесот што го дале земјоделците корисници на ова пензија. Но, бидејќи се работи за обезбедување на средства потребни за спроведување на еден ваков закон кој е предложен во скратена постапка, се заклучи да се предложи и Собранието денеска да донесе само предлог за донесување на закон со тоа што да ја задолжи Владата да ги преиспита сите можности за обезбедување на средства за спроведување на еден ваков закон и на наредната седница на Собранието му предложи Предлог-закон.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:
Оваа тематика е многу важна за земјоделците, бидејќи кај нас за прв пат се поставува на здрава основа земјоделието и иднината на земјоделецот како и иднината во тие стари години. Во други поразвиени држави и земји на Запад тоа прашање е решено благовремено, бидејќи имаат основа врз која ги даваат тие пензии. Ние треба да ги имаме предвид неколку фактори за да дојде земјоделецот во таа положба како што е земјоделецот во западните земји. По мое мислење ќе биде многу важно донесувањето на законот ако ги земеме предвид следните работи:

Прво, колку е силен нашиот земјоделец да ги сноси придонесите за таа пензија.

Второ, даночната политика спрема земјоделецот, а како помошни фактори за одредување на пензиите која треба да се менува секоја година за подобра заштита на земјоделецот се и фактите. Многу пати спомнавме во овие неколку дена што поминаа гарантираните и заштитните цени на пазарот внатре во земјата и надвор од земјата.

Еден претходник многу убаво настапи кога рече дека земјоделецот ќе биде многу задоволен ако бидат решени комуналните работи во селото. Тоа е поширок поим, ако претходните власти кои владееле не сакам сега да ги напаѓам, тоа помина и не треба да се напаѓаме, ако тоа прашаше го имаа решено денеска земјоделецот фактички ќе беше тој што ќе беше останат на село. Да не зборуваме зошто заминал. Значи, при определувањето на пензиите односно донесувањето на законот кој ќе претрпува измени понатаму треба првин да му се помогне на

селанецот да го најде местото како што го имаме најдено ние другите работници во оваа држава. Ако не успееме да го направиме тоа, ако не успееме да го заштитиме дрводелецот, земјодепецот, рибарот, овоштарот, тоа се се земјоделски работи, прехранбени работи, тогаш ништо не сме направиле ако носиме закон кој ќе биде папагалски донесен и фактички ќе бидат одредени такви пензии какви денеска, за жал, земаат земјоделците. Тоа не е никаква заштита.
Значи, треба да ги прескокнеме тие работи, да ги задоволиме овие потреби и потоа да говориме за пензиите. Законот за пензиите може да се менува секоја година ако земјоделието расте продуктивно и ако земјоделецот ги опфати сите пазари има пари надвор и во земјата.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, се согласувам со претходните дискутанти и со предлагачот за измена на овој законски пропис како и со претседателот на Комисијата, само предлагачот има направено еден пропуст што е изоставен членот 51-д. Со овој член е испуштена една категорија на корисници на минималните старосни пензии на борците од НОБ, така што предлагам, бидејќи денеска нема да го донесуваме, туку на наредната седница, па предлагам и овој член 151-д да биде вклопен во оваа измена.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Со оглед на тоа што ние добивме предлог за донесување на закон со Предлог на закон од пратеникот Гештаковски, а Владата позитивно се изјасни по доставените амандмани од моја страна во кој што е опфатен и членот 151-д што го спомна господинот Стојановски, а тоа се однесува за борците односно учесниците во НОБ па предлагам, ценејќи ја ефикасноста на Владата и нејзината ажурност по однос на спроведувањето на заклучоците на овој Парламент, предлогот за донесување закон да го донесеме на оваа седница, а исто така и предлогот на законот со поднесените амандмани од пратеникот Петров кои Владата позитивно ги оцени. Единствено амандманот 4 го повлекувам што се однесува на измените на членот 3 со кои се предлага Законот да се применува од 1 јануари, а во првобитниот текст од пратеникот Гештаковски и од Владата се предлага да се применува од 11 февруари оваа година.

Единствено предлагам по донесувањето на Предлогот на законот со овие амандмани да се донесе работен заклучок Владата во рок од еден месец на Собранието да му поднесе нов текст на Закон за пензиско и инвалидско осигурување. Инаку причините за донесување се крајно неопходни, претходните пратеници тоа го истакнаа, само би додал на крајот дека навистина државата, бидејќи има повеќе трошоци извештаите за исплата кои се доставуваат, овие пензии да им ги исплатуваат на два месеци, Од овие причини, од она што ги содржи причините за донесување на овој закон, предлагам Собранието да се изјасни и за донесувањето на Предлогот на законот на оваа седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

Има збор министерот за труд и социјална политика Илијаз Сабриу.

ИЛИЈАЗ САБРИУ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, предлогот на пратеникот Гештаковски, како што стои во мислењето на Владата, Владата не го прифати од причини содржани и во писмото и од следните причини:

На комисиите доста расправавме, а еве и денеска се расправа доста по овој закон, цениме дека прашањето и проблемите се доста актуелни и најверојатно ќе мора да се нуди излезно решение,

А не вака како што се предлага во Предлогот на законот, бидејќи во овој предлог за донесување на законот за измени на Законот за пензиско и инвалидско осигурување има решенија, односно предлогот на најниската пензија исплатена во Република Македонија да биде износ кој ќе се утврдува односно уплатува гарантирано на оваа категорија земјоделци, а таа категорија изнесува некаде 28 илјади корисници .

Со оглед дека за една ваква интервенција и корекција на износите се потребни доста висок износ на средства, по наши проценки просечната, односно најниската пензија во март месец во Македонија изнесува 8.300 динари, така што ако ги помножиме со бројката која е апроксимативно прикажана значи се движи од 25 до 28 илјади динари, тогаш нам сигурно ни требаат околу 2 милијарди по сегашен износ и во сегашна вредност 2 до две ипол милијарди динари нови оптоварувања на Буџетот, бидејќи предлогот на Гештаковски е тие средства да се обезбедуваат од Буџетот на Републиката, а сите знаеме дека Буџетот се донесе од страна на Парламентот и за оваа категорија, за оваа интервенција во Буџетот нема предвидени средства. Тоа е едно.

Второ, до колку одиме на 50%,како што има предлог Гештаковски, тоа би значело дека Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да го оптовариме и врз база на солидарност одиме тие средства да ги обезбедиме од тој фонд.

Мислам дека ние се определивме за пазарно однесување и пазарно стопанство и формиравме Фонд и средствата од тој фонд можат да се создаваат исклучиво со плаќање, односно уплатување или плаќање на придонеси за оваа намена, а оваа категорија на граѓани до сега нема учествувано во плаќањето односно во создавањето на тој фонд на пензиско и инвалидско осигурување. Од тие причини мислиме дека во никој случај не можеме да го прифатиме Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон да се донесе вака како е предложено, но денеска комисиите така заклучија, имаше дискуси денеска да се расправа само за потребата од донесување на закон, што јас лично мислам, а и Владата мисли дека не е спорна потребата од донесување и корекција на овие износи кои се навистина смешни, еве имаше укажување дека не може ни едно чоколадо да се

купи, тоа е точно, тоа е вистината, но тоа е системот од 1978 година, тој закон од тогаш живее и веројатно е време тој веднаш да се измени односно тој износ да се корегира.

Затоа ве молам дајте Владата односно предлагачот, бидејќи тој самиот така предложи, ако се согласиме, Владата за една од наредните седници да бидеме реални наредната седница може да биде за два-три дена па пак да се критикуваме дека не можеме и не ги оствaруваме заклучоците, па затоа предлагам за една од наредните седници во рок од еден до два месеци да понудиме решенија кои се содржани, на некој начин, во мислењето и на Владата и на комисиите по секоја цена да дојде до зголемување на овој износ, сега да не ги спомнувам тие 250 динари, а колку ќе биде тоа и која се биде сумата да најдеме најоптимално решение тоа би значело задоволување на потребите и на оваа категорија на граѓани земјоделци, односно да ги усогласиме со можностите кои ги има Републиката, бидејќи за нас би значело две решенија или да одиме на зголемување на стапката што тврдам дека тешко ќе мине во Парламентот, бидејќи е ново оптоварување или да одиме да го задолжиме Буџетот, што исто така во овие услови знаеме какви се можностите на тој Буџет. Но, еве да имаме малку време да ги преиспитаме сите решенија и наши размислувања заедно со овие на комисиите и да понудиме едно решение за една од наредните седници на Парламентот да предложиме закон за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Затоа во тој дух ве молам не би требало да се расправа по Предлогот на пратеникот Петров денеска да се донесе законот како што е предложено, бидејќи тоа би значело, по наша оценка, дека тогаш ќе ги доведеме во нерамноправна положба корисниците на пензиите, бидејќи оваа категорија 28 илјади земјоделци со ништо не учествувале во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, додека другата категорија која веќе користи пензија тие 10,5 години им признававме како стаж што најверојатно би го признале и на овие, тоа е една варијанта, но тие за 3,5 години уплатуваа во фондот за ПИОМ и сега нема да бидат во рамноправна положба земјоделците на оваа категорија без никакво прашање да остваруваат односно да користат пензија во овој износ што го предлагаме, а другите категории на некој начин колку било реално и колку било адекватно, тоа е друго прашање, но мора да водиме сметка за таа замноправност, односно за еднакви услови и при уплатувањето односно при користењето на тоа право.

Затоа ве молам денеска да не се расправа по Предлогот за донесување на закон, а не и по Предлогот на закон, бидејќи тие решенија денеска не би можеле да ги прифатиме, а работа е на Парламентот ако не задолжи, односно ако ја задолжи Владата дали од Буџетот или од стапката да се зголеми за да се обезбедат тие 1,5 до 3 милијарди по сегашни вредности за уплатување на овие пензии со тоа оваа категорија тогаш навистина со ниту еден динар не би учествувала во тој фонд, што би било еден преседан по наша оценка, бидејќи другите категории со некои износи учествувале и создавале средства во фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Еве, во тој дух е моето укажување, додека другото прашање што беше отворено од пратениците од Прилеп за признавање на стажот од селските работни задруги, мислам дека тоа прво не е поврзано со ова прашање, тоа е друго прашање за признавање на стаж, ако се отвори тоа прашање нема да се признава само во селските работни задруги туку и по други основи и да кажам дека не мо-жеме да го прифатиме, бидејќи тоа право во оваа држава три пати со закон било регулирано, а последен пат било во 1984 година за признавање на стаж по пат на сведоци и сите тие граѓани цениме дека соа право го користеле до сега, веројатно има и такви, еден случај или повеќе, но не можеме да навлегуваме во тоа сега, бидејќи не може да докаже но повторното отворање сега да се признае право на пензиско и инвалидско осигурување или работен стаж мислам дека е широк и тежок проблем кој ќе ни создава проблеми во Републиката во овој момент, иако кажувам едното со другото барем по предлогот на закон нема врска едното со другото прашање.

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:

Почитувани претседателе, почитувани пратеници, мислам дека ова прашање што се актуелизира, Владата може да го реши на соодветен начин, бидејќи можеме да речеме дека се работи . една социјална категорија и ние како држава смешно е да дискутираме за ова прашање и за еден ваков износ. Меѓутоа, она што сакав го кажам е следното:

Владата треба сериозно да размисли за проблематиката на прашањата во сферата на пензиско-инвалидското осигурување. Зошто? Заради тоа што ние станавме држава која што продуцира пензионери. Кога ги преземавме процесите на преструктуирање под мотото на пурализам, ние почнавме да продуцираме пензионери низ технолошките вишоци 1990 година, продуциравме 14 илјади пензионери. 1991 година, пак во името на преструктуирање, со примена на Законот за пензии во органите на управа, нови 14 илјади пензионери. Ако земеме предвид дека постојат и пензиско инвалидски комисии кои исто така продуцираат пензионери, тогаш ние повеќе се ближиме кон трансформација на државата Македонија кон држава на пензионери. Имено, на тој начин сега на три вработени или 3,3 што е според статистичките податоци доаѓа еден пензионер. Ако продолжиме со процесите на преструктуирање на овој начин и со тој модел, ние ќе се трансформираме во држава на пензионери. Треба да бидеме свесни дека процесите на преструктуирање и во стопанството и во сите сфери во оваа ситуација не можеме да ги преземеме онака како што политичките партии во своите програми се изјаснуваат, заради тоа што не постои супстанца за преструктуирање. Тие процеси малку да бидеме свесни дека ќе се сопрат само со доаѓање на инокапитал можат да се отворат тие циклуси на преструктуирање на стопанството, а ако продолжиме на овој начин ние ќе се трансформираме во социјална држава, држава на пензионери со сите работи кои од тоа произлегуваат, а со ова не станува минорно ова прашање за оваа категорија на 28 илјади земјоделци заради тоа што Владата има и други начини и други можности да го разреши ова прашање, заради тоа што навистина ние како самостојна, суверена и независна држава не смееме ни да кажеме дека имаме категорија на луѓе со вака смешен износ.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ:

Мислам дека воопшто е срамно да зборуваме за еден ваков проблем, а да не предлагаме решение. Само пред некој ден ние донесовме еден огромен буџет, со огромна буџетска потрошувачка и што ќе финансираме таму и непотребно. Таму ни за јота не направивме напори да симнеме многу потрошувачи кои воопшто не носат ефекти, не се продуктивни итн. Министерот тука рече дека оваа категорија земјоделци директно не уплатувала во Фондот, меѓутоа, индиректно уште како обезбедувала огромни средства. Тоа го кажаа и некои други пратеници дека ние врз основа на нивниот евтин труд, врз основа на нивното производство кое го плаќавме безначајно развивавме се друго во Југославија, развивавме индустрија, развивавме рударство итн. Сега главно кога тие луѓе станаа изнемоштени, кога воопшто не можат да работат, срамно е - некои велат дека поголеми се трошоците за поштарите, тоа не треба и да го зборуваме. кога би не слушале во светот, би се чуделе дали сме нормален народ. Мислам дека секогаш некогаш во нашата свест се врти кое е нерационално и необјективно. Дајте, луѓе,овие работи да ги решаваме практично, седиме овде како разумни луѓе,а донесуваме неразумни потези. Предложениот предлог на закон мислам дека сега треб да направиме еден работен заклучок, да кажеме за еден месец да се предложи закон со кој се решава ова прашање во правец дека на тие пензионери најмалку треба да им се обезбеди минималниот личен доход што се исплатува во стопанството, а за средствата мислам дека треба да донесеме заклучок од Буџетот за 0,4% од сите корисници да се намали и ете ги парите. 0,4%, што е тоа? Ништо. Тоа не е никакво оптоварување на другите корисници или да значи скратување на активноста. Таму има големи комоции, 0,4% само од Буџетот  да се обезбедуваат. Сега брзо ќе одиме на ребаланс на Буџетот поради огромната инфлација и тука е решението. Затоа предлагам да донесеме таков работен заклучок и ова прашање брзо да се реши. Инаку навистина нема мисла еден дел од народот да живее при вакви тешки услови. Тоа е главно луѓе на села, а минатиот пат ние зборувавме како да го развиеме земјоделството. Дали има некој кој е дојден во градот оопшто да се врати во село да се бави со земјоделство? Нема, а тоа што не сме обезбедиле такви услови кои се атрактивни, а рековме тоа да го обезбедиме низ социјалната политика, низ пензиската политика, здравствената политика итн. Еве јас предлагам конкретно да го донесеме Предлогот на закон, да усвоиме еден работен заклучок, минималната пензија на оваа категорија луѓе а биде - зборувам минимум, а може да биде и повисока - во висина на  минималниот личен доход што се исплатува во стопанството, а средствата да се обезбедат со намалување на сите ставки на буџетот а 0,4%.

БОРКО ЃОРЧЕСКИ:

Едно мало појаснување. Барањето што го поднесов јас од граѓаните на општината Прилеп, ми се чини дека се разликуваше и доста бев јасен дека за оние пензионери - министерот нагласи и тоа мала реплика на неговата дискусија - што немаат навршено 65 години

уплатувале во Фондот за пензиско осигурување, што се разликува од оние што не уплатувале до сега, а тоа е многу мал број за кои документацијата е изгубена не знам од кои причини, барањето беше доставено исклучиво за нив, за тие пензионери за да не ги ставиме о нерамномерна положба со оние пензионери што можат да докажат дека целосно го исполнуваат тој пензиски стаж,и старосно и со стаж и тие ќе бидат сосема обесправени. Ве молам тој предлог да се земе предвид. Јас бев сосема јасен, да се разликуваат тие две барања. кога веќе нема за едните што не уплатувале, да има барем за овие што уплатувале, да се изедначи со другите кои можат тоа сега да го докажат. И тогаш реков по селата немало ни плакати наредено, ниту биле доволно известени, некој немал ни радио ни телевизор, 1984 одина за да може да разбере, така што човекот сега е сосема обесправен. Тоа се луѓе во Прилеп, Штип не знам дали има и во Кочани, што е мал број.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Јас веднаш да кажам дека дискусијата на господинот Љубосав Иванов затоа што предложи едно конкретно решение, во однос на зафаќањето на 0,4% од сите корисници на Буџетот и мислам дека тука на некој начин ќе се најдат тие средства.

Исто така заслужува внимание и тоа ако најмалата пензија изнесува некаде 8300 динари, да биде некаде 50% од тоа, мислам дека тие луѓе и со тоа би биле задоволни, значи сега за сега околу 4000 динари, бидејќи имаме една хипер инфлација.

Би сакал да напомнам дека ме иритира дискусијата на господинот министер кога напомна дека тие луѓе директно не учествувале во создавањето на фондови, а тоа го дискутираше и осподинот Љубосав Иванов. Меѓутоа, да бидеме искрени, тие луѓе д 1945 година наваму учестуваа во колективот зашто знаеме на кој начин и како тој истиот колектив го уништи македонското земјоделство, тие луѓе учествуваа во селските работни задруги итн. Господинот министер кажа дека во 1984 година можеа на одреден начин тие луѓе со сведоци да ги остварат своите права, но јас ќе кажам еден пример што го читав во дневниот печат, каде што пишуваше дека еден стар човек земјоделец од планинските села кога се заменија динарите, таканаречените префарбани динари, изгуби еден огромен износ пари за тоа време, незнаејќи човекот затоа што живеел во планински села и немало кој да му каже дека требало да се заменат парите и парите му пропаднаа. Значи, му пропаднаа парите што ги добил со продажбата на 200 и повеќе овци. Затоа, јас мислам дека до 1984 година па и потоа се уште има земјоделци кои не знаат на кој начин да ги остварат своите рава. Тука државата треба да им помогне преку соодветни институции бидејќи знаеме дека нема земјоделец кој не учествувал во колективот или во селските работни задруги. Тие беа многу малку а ми се чини дека во Западна Македонија таквите земјоделци не учествуваа.

Видете, развиените земји имаат таканаречени заштитни пензии каде што со навршен старосен век, со 60 или 65 години секој без разлика дали работел, дали бил земјоделец, дали бил работник, повремено работел или не работел, ако нема средства за живот,му следува. Некој ќе рече дека тоа се социјални пензии, меѓутоа, ние исто така треба да создадеме како што се деклариравме во Уставот дека

сме социјална држава, треба да создадеме услови како што создадовме услови за заштита на децата со детски додаток, и за овие стари изнемоштени лица, а да бидеме свесни како што кажаа и другите дискутанти дека тие исто така учествуваа во создавањето на огромни богатства на некои денешни монополски фирми. Јас ќе се задржам и на тоа малку. Земете ги овие 28 илјади корисници и тоа што го предлага господинот Гештаковски во Законот, јас верувам дека огромен дел од нив се и тутунопроизводители. Замислете сега еден тутунопроизводител кој работел 40 и повеќе години на тутун, знаеме колку е тешка работата на тутунот, производството на тутунот итн., тој тутунопроизводител да не може да оствари некоја пензија која би му ги задоволила основните егзистенцијални животни потреби туку да остварува една пензија од 230 или 180 динари која е навистина смешна. Меѓутоа, користејќи го неговиот труд монополските организации сега со тој сојузен закон кои станаа повеќето акционерски друштва каде што вработените во тие организации , не сакам да бидам погрешно разбран, меѓутоа вработените во тие организации ќе имаат право да остварат и пензија, ќе имаат право да остварат и дивиденда ако се акционери итн, во такви монополски органи-зации би требало тие и дел од тие организации да го помогнат, а учествуваат во некакви фондови за пензионирање на вакви лица ои не уплатувале до сега придонеси за пензиско и инвалидско осиурување. Јас мислам дека Законот треба да се усвои и верувам за ова господинот Љубосав Иванов што предложи дека ќе се најдат средства, а бидеме искрени, 0,4% од секој корисник на Буџетот би можело да е земе. Да не должам, апелирам и мислам дека сите пратеници да ласаат за предлогот на законот.

СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:

Почитувани пратеници, поддржувајќи го амандманот на пратениците Гештаковски и д-р Стојановски, сакам да го кажам следното:

Јас како пратеник главно на селска изборна единица, сите до сега изнесени состојби мислам дека се потполно точни,но сакам едно да нагласам што во излагањето на пратениците до сега не беше кажано.

Ако воопшто селата не само во Крива Паланка, туку воопшто секаде во Македонија, имаат налик на сочувани ниви, со домаќинско правење на ресорекција и очувана шума итн., да не говорам за одреден сточен фонд, за тоа може само да им се заблагодари на онаа категорија земјоделци, кои во фазата на изразената миграција, на пр. Крива Паланка во текот на 10, 20 години има преку 12 илјади иселени луѓе особено од селските подрачја. Ова зборува дека на овие селани ако не сме во можност на било кој начин да им искажеме голема благодарност за сочуваната природа и изгледот на селото, за да може сега и понатаму да го изградуваме селото, тогаш ние барем како декларирана социјална млада држава треба да им помогнеме со овој минимум што го предложија претходните дискутанти.

Сакам да ви кажам и еден податок кој во претходните години беше доста актуелен, а тоа се однесуваше, кога се водеше системот за општонародна одбрана, тогаш се испостави дека така напуштеното село не беше во можност ни една третина проблемите а општината да ги разреши во однос на примања, на резервна храна тн. така како што имало во бивша Југославија. Тоа е поради тоа то била направена превидна грешка во државните институции. Мене е чуди како воопшто слухот на Владата не можел да допре до овие овеќе застарени земјоделци кои се во поодминати години кои се о деца кои се оттргнати од нив, кои претставуват една од

најагрозените социјални категории. Од тие причини не само да им се еши проблемот за таа минимална земјоделска пензија, за која слободно можам да ви кажамг дека во Крива Паланка доста се изразуваат подобро и да не постои заради тоа што трошокот во поштата е преголем, меѓутоа, патот од селото до поштата десеттокатно е уште поголем. Затоа јас предлагам Владата покрај разрешувањето на овој троблем, со овие пензии треба да има предвид, особено како што е општината Крива Паланка, погранична и неразвиена, сите инфраструктурни објекти почнувајќи од патишта итн. да се фаворизираат, а не како до сега, на пр. иако сме меѓу неразвиените последни сме во користењето на одредени фондови кои оваа структура ја потпомагаат.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор Ѓулистана Јумеровска

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ова Собрание во повеќе наврати досега се осврна на тоа дека борбата за обезбдување на сопствена храна е приоритет. Ке спомнам само еден податок дека денес сите ние се храниме со трудот на 60-70 годишни старци, кој што труд, за жал, до денеска не е валоризиран, од проста причина што можеби во тоа време кога требало да се вало-ризира кај нив не постоел сопствен интерес. Можеби и немало кој да им објасни. Во прилог на ова зборува и тоа дека денеска земјоделците и те како се заинтерсирани да платат соодветен придонес за пензиското и инвалидското осигурување. Според тоа, мислам дека во овој случај треба да гласаме за законот, за што треба да и дадеме простор на Владата, за да ги обезбеди тие средства, така што она што овде беше речено да го разгледуваме предлогот на законот односно предлогот за донесувањето на законот го прифаќам. Мислам дека средства можат да се обезбедат и од Програмата за социјала кој што можеби не е во оној обем во кој што требаше да биде поголема и поголем простор да и биде даадено во буџетот, од проста причина што денеска ретко кој нема да се најде себеси во оваа програма. меѓутоа, да и се даде простор и на Владата да обезбеди преку други извори средства за финансирање и соодветно обезбедување . обем на средства за да се обезбедат пензии во еден минимален однос односно износ доволен за да се обезбеди некаква егзистенција. што ние не ги обезбедиме по овој основ, тие ќе паднат на товар на социјалата, а бидејќи се декларираме како социјална држава, нема . ги оставиме на улица.

ТО

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникот Петар Георгиев.

ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас ќе бидам сосема краток и ќе се заложам во делот на оваа

предходна расправа да го прифатиме предлогот денеска да го поддржиме само предлогот за донесување на закон, затоа што и во досегашната расправа се укажа на тоа, на повеќе елементи дека реба да се преиспитаат, а посебно делот на изворите на средства што треба да се обезбедат за покривање на алиментирање на правата на оние осигуреници кои што сите во досегашната расправа укажаа дека се онеправдани од досегашните законски прописи во оваа област. Тие осигуреници навистина, се онепрадани од причина што во периодот кога биле активни и имале свој придонес не биле во состојба поради немање на законска регулатива да ги остварат своите права. А правото на придонеси обезбедува директни права, а тоа е правото на инвалиска односно пензиска заштита. Тие осигуреници беа во заблуда во тој период обезбедуваа само здравственото осигурување односно заштита заради тоа што , таа потешко се обезбедуваше. И заради обезбедување на таа здравствена заштита влегуваа во тоа така наречено земјоделско осигурување, кое што најкасно е укинато во нашата Република. Тоа земјоделско осигурување кое што во заблуда ги стави многу наши индивидуални земјоделци е укинато во Хрватска пред 10 години, во Војводина мислам некаде пред 4 години. Кај нас е укинато 1989 година. И сметам дека овој предлог што го дадоа да се обезбедат средства во рамките на буџетот, јас би предложил и во рамките на фондот за инвалидско-пензиска заштита, бидејќи сметам дека со новите процеси, сега што се во промени, ние ќе имаме доволен број на осигуреници, кој што по адекватно зафаќање и поадекватни придонес и обезбедуваат одредени средства да може дел да се надокнади за тие осигуреници кои што сега не обезбедуваат средства, бидејќи пензиското осигурување е солидарно осигурување, го плаќаат денеска активните осигуреници за оние што во периодот не можеле да плаќаат, немале законска регулатива, а сега не би требало да бидат казнети со ваква пензија која што мислам дека под итно треба да.., односно предлогот беше добро даден во рок од еден месец да се предложи закон во кој што сите овие аспекти ќе се разгледаат и на одреден начин предложи закон кои што ќе биде во правец на тоа да алиментираат овие осигуреници. Затоа предлагам да поминеме на гласање.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Митевски

ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:

Почитувани пратеници, ако појдеме од фактот дека едни корисници за ова што го предлагаме за земјоделските пензии ќе бидат луѓе некаде со старост од 70 до 80 години, сигурен сум дека на крај од нивниот животен век, а тие се генијатриски веќе изнемоштени старци. Зборувам за Кумановскиот крај каде што имаме села од ридско планински краеви или сами се во куќите или напуштени, да не кажам, и од своето потесно семејство, на крајот од својот животен век да добијат една сатисфакција од оваа Држава новоформирана држава и да сватат дека идната држава ќе води поголема сметка него досегашната.

Во контекст на ова што го кажав оди во прилог и досегашната расправа во Собранието и неколку закони што ги донесовме како системски закони, а тоа е Законот за унапредување на земјоделството, потоа кога разговаравме за законот за даночните стапки, кога сите едногласно изгласавме оние што се занимаваат со земјоделие како основна дејност да не плаќаат придонес односно стапки на данок, се

исклучени од данокот, потоа Законот за здравствена заштита каде што земјоделците ги изедначивме со работничкото осигурување особено во поглед на болничкото лекување. Сметам дека со ова нешто, со предлогот на пратеникот Иванов и Бранко Арсовски како претседател на Комисијата за социјала и труд, би направиле едно заокружување на оваа проблематика и една гаранција за сите оние млади кои што во иднина сметам дека се повеќе и повеќе ќе се определуваат како основна делатност ќе го прифатат и земјоделството односно земјоделската професија.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникот АлександарГештаковски

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Сметам дека овој закон навистина решава ситници, али ситници што значат живот и треба да бидеме спремни и како овластен предлагач сакам да исправам одредени недоречености во дискусијата.

Прво, не е точно дека сите овие луѓе не плаќале придонес во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Овие луѓе плаќале од една година до 10, 5 години кога е изминат периодот. Колкав износ и колкав бил износот тоа е друго прашање. Бидејќи уште во 1989 година го изменивме законот за пензиско и инвалидско сигурување, тие тогаш стапиле во пензија со придонес од 1978 година. Тука настанува еден друг проблем во однос на неправдата спрема овие луѓе. Со измената на законот за инвалидско и пензиско осигурување во 1989 година, овие луѓе не плаќаа повеќе , а плаќаа другите индивидуални земјоделски производители. Со тоа што тие, со три години плаќање, просечна стапка на плаќање е некаде пет милијарди во претходната година, а тие платиле 15 милијарди за 3 години, од 1989 до 11. о2. и од 11.о2.1992 година стекнуваат право на минимална пензија која, како што кажа министерот изнесува 8 милијарди со 15 години, со докуп, односно тие исполнуваат некаде во овој момент 14,5 години односно 14,2 години. Доколку имаат стаж од порано или да докупат или некаде во април ќе го земаат тој износ. А придонесот, морам да кажам бил симболичен и минимален. Тоа е едниот аспект.

Вториот аспект е во однос - нема средства во буџетот. Јас сметам дека кака еден предлагач , како овластен предлагач, постапив согласно и со Деловникот и статусот, на 17.о2.1992 година го известив претседателот на Владата и министерот за финансии дека е понуден во Собранието на расправа како закон. И викам : "со оглед на тоа што за спроведување на овој закон се потребни финансики средства кои што согласно член 34 и 35 од Уставот на Република Македонија би ги обезбедила Републиката од буџетот и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување,ве молам за ваше ангажирање при изработка на предлогот на Републичкиот буџет, да бидат определени средства за оваа намена, со што би се подобрила материјалната и егзистенционалната положба на индивидуалните земјоделски производители, а истовремено би се избегнало интервенирање по амандмански пат на предлогот на републичкиот буџет". Некој овде добро кажа дека буџет не се прави во оваа сала. Буџетот го прави Владата врз основа на своите видувања и обврски. Затоа сметам дека не претставува никаква пречка дека средства нема во буџетот, буџетот, не ребалансите туку секоја обврска што овој парламент ќе ја

направи со закон или по друг пат Владата е должна да обезбеди извршување и обезбедување на средства.

У/б

И трето прашање, сметам дека овдека се затекна од еден пратеник прашањето, дали овие луѓе се социјална категорија. Овие луѓе не треба да ги сметаме во социјална категорија од причини за што зборуваше и пратеникот, повеќе , бидејќи во целокупниот развој овие луѓе не го оставија народот во Македонија гладен. А дали можеа да издвојуваат за стари денови тоа е друго прашање, Па сметам дека овие луѓе секако и во социјалните програми ќе ги пуштиме, али да им обезбедиме, бидејки средствата се на еден куп. Да не ги правиме социјални случаи, туку да ја решиме минимум егзисттенцијата. И да кажам по изјаснувањето на овој предлог за донесување на закон и од расправата би се изјаснил , дали да се примени член 316 или не.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за инвалидското и пензиското осигурување.

2. Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да ја преиспита можноста за обезбедување средства за спроведување на законот и за наредната седница да му предложи на Собранието предлог на закон, при што да ги има предвид мислењат и искажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, предложените амандмани од пратеникот Тодор Петров и изнесените сугестии и предлози овде на седницава.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за труд и социјална политика, предложените амандмани на пратеникот Тодор Петров и овде изнесените сугестии и предлози да се достават до Владата на Република Македонија, Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

ПРЕДЛОГ ОД МЕСТО:

Без зборот "може"

СТОЈАН АНДОВ:

И не е на наредната седница туку на една од наредните седници, затоа што наредната ја држиме наскоро. Затоа да биде за еден месец.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Има збор пратеникот Ристо Стаменов.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Јас предлагам уште една точка да разгледаме, бидејки 2-3 дена не можат луѓето да работат , а тоа е точката 28 предлогот на програмата за премер и катастар на недвижностите. Луѓето имаат закажано состаноци и не можат да се симнат долу на теренот. Да ја поминеме и оваа точка па после да одиме на пауза.

СТОЈАН АНДОВ:

**Минуваме на точката 28.**

Предлог на програма за премер и катастар на недвижностите во периодот од 1992 до 2001 година.

-Предлогот на програмата и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно-правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отварам претрес по предлогот на програмата.

- Законодавно-правната Комисија поднесе амандамни на преамбулата и на дел IV со кои се согласи претставникот на предла-гачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на програмата.

Дали некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

- Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за премер и катастар на недвижностите во периодот од 1992 до 2001 година.

- По повод донесувањето на Програмата за премер и катастар на недвижностите во периодот од 1992 до 2001 година, Комисијата за земјоделство и шумарство предлага Собранието да го усвои следниот работен заклучок.

1. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија, при изготвувањето на Годишната програма за премер и катастар на недвижностите за 1993 година да го има предвид вклучувањето на Титов Велес односно околните села, кои со изменувањата на Годишната програма за премер и катастар за недвижнсотите за 1992 година беа изменети заради проценетиот приоритет за вклучување на Кавадарци односно околните села.

2.0вој работен заклучок да се достави до Владата на Република Македонија и до Републичката геодетска управа.

- Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои работниот заклучок.

Ги молам претседателот и членовите на Законодавно-правната комисија и Комисијата за градежништво да ги извршат своите обврски и да ги разгледаат амандамните на предлогот на новиот закон што го има доставено Владата под точката 18 и 19.

Обрнувам внимание на пратениците , овде има поделен еден анкетен лист да го пополнат и да го остават на своите места.

Давам пауза од половина час.

(Паузата е дадена во 12,10 часот).

(по паузата)

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

**Минуваме на точката 29** .

Предлог на Програма за реализација на активностите за следење на квалитативните и квантитативните карактеристики на водите што ја хранат Жеденската акумулација и изворот "Рашче" за периодот од 1992 до 1994 година.

Предлогот на програмата и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за заштита на човековата околина и Законодавно правната комисија ви се доставени, односно поделени

Отворам претрес по Предлог на програмата.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на дел 4 и дел 9 со кои се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на програмата.

Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за реализација на активностите за следење на квалитативните и квантитативните карактеристики на водите што ја хранат Жеденската акумулација и изворот "Рашче" за периодот од 1992 година до 1994 година.

Триесета точка и триесет и прва точка од дневниот ред ни се Информација ра изнесување на материјално-техничките средства и опремата на ЈНА од територијата на Република Македонија и Информација за националниот состав на армијата на Република Македонија.

За овие две точки ни е потребно двотретинско мнозинство, седницата да биде затворена. Тоа е едниот факт, а вториот што пратеничката група на ПДП-НДП ја иницираше оваа триесет и прва точка, фактички за националниот состав на армијата на Република Макеоднија.

Според тоа, мислам дека не сме во состојба по овие две точки да расправаме.

Ако се согласувате да ги поместиме понатаму, а сега да продолжиме по оние точки по кои можеме да работиме.

**Минуваме на точка 32.**

Предлог на одлука за основање на постојана Анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за општествен надзор и претставки, Комисијата за општествено политички систем и Законодавно правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Законодавно правната комисија поднесе амадмани на член 1, 2, 3 и 6 , а Комисијата за општествен надзор и претставки поднесе амандмани на член 2 и 3 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на одлуката.

Кој бара збор? Никој

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ?(1)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на постојана Анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните.

**Триесет и третата точка** е реализирана бидејќи станува збор за Предлог одлуката за образување и состав на паритетна парламентарна група за испитување на настаните сврзани со блокадатаI на магистралниот пат Струмица-Валдандово од група индивидуални земјоделци.

**Минуваме на точката 34.**

Предлог на одлука за основање на Повремена комисија за изготвување на календар на годишници на значајни настани и личности.

Предлогот на одлуката и известувањето на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката и Предлогот за состав на Комисијата го ставам на гласаше.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на Повремена комисија за изготвување на календар на годишници на значајни настани и личности.

**Минуваме на точка 35.**

Предлог на одлука за изменување на Одлуката за организацијата и делокругот на службите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за општествено политички систем и Законодавно правната комисија ви се доставени односно поделени.

Предлагачот поднесе амандман за внесување нов став 2 на член 8 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 3, член 5 и член 9 со кои се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на предлогот на одлукат.а

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за организацијата и делокругот на службите на Собранието на Република Македонија.

По повод донесувањето на одлуката за изменување на Одлуката за организацијата и делокругот на службите на Собранието на Република Македонија предлагам Собранието да го усвои следниот работен заклучок,

Конкретната реализација на решението во одлуката за изменување на Одлуката за организацијата и делокругот на службите на Собранието на Република Македонија ќе го уредат претставници на Собранито определени од претседателот на Собранието со Владата на Република Македонија.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Констатирам дека Заклучокот е донесен.

**Минуваме на точката 36,**

Предлагачот поднесе амандман за внесување нов став 2 на член 8 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Законодавно- правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 3, член 5 и член 9 со кои се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за организацијата и делокругот на службите на Собранието на Република Македонија.

По повод донесувањето на одлуката за изменување на Одлуката за организацијата и делокругот на службите на Собранието на Република Македонија предлагам Собранието да го усвои следниот работен заклучок.

Конкретната реализација на решението во одлуката за изменвуање на Одлуката за организацијата и делокругот на службите на Собранието на Република Македонија ќе го уредат претставници на Собранито определени од претседателот на Собранието со Владата на Република Македонија.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Констатирам дека Заклучокот е донесен.

**Минуваме на точката 36.**

Предлог на одлука за делумна реконстуркција на системот на климатизација и комплетно решение на систем за гласање, пријавување на дискусија и дискусија од место.

Новиот текст на Предлогот на одлуката, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно -правната комисија и Мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Законодавно- правната комисија поднесе амандмани на насловот на член 1 и член 4 со кои се согласи предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на одлуката.

Пратениците Џелил Таири и Агим Фазлиу поднесоа амандмани на дел 1. Со оглед дека со оваа одлука се утврдува потребата за делумна реконструкција на системот на климатизација во Собранието и комплетно решение на системот за

гласање, предлагачите укажуваат дека се обезбедени средства само за оваа намена.

Отворам претрес по амандманот на дел 1 поднесен од пратениците Џелил Таири и Агим Фазлиу.

Дали некој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот а амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на дел 1 поднесен од пратениците Џелил Таири и Агим Фазлиу.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?(63)

Кој е против ? (еден).

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за делумна реконструкција на системот на климатизација и комплетно решение на систем за гласање, пријавување на дискусија и дискусија од место.

По повод донесувањето на Одлуката за делумна реконструкција на системот за климатизација и комплетно решение на системот на гласање, пријавување на дискусија и дискусија од место, Комисијата за финансирање и буџет му предлага на Собранието да го усвои следниот работен заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија разликата на износот на средствата утврдени во Одлуката и во Предлогот на Републичкиот буџет за 1992 година, да се обезбеди од средствата на Републичкиот буџет за 1992 година.

Второ, при реализацијата на намените утврдени во одлуката да се има предвид потребата за реконструкција на ентериерот во сала бр. 1.

Трето, овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?(64)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 37.**

Предлог на одлука за одобрување на Пресметката на приходите и расходите за распределба и користење на средствата за работа на Републичкиот, Градскиот и Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1992 година.

Немаме претставник на Владата.

По барање на предлагачот се одлага оваа точка од дневниот ред.

**Минуваме на точка 38.**

Предлог на одлука за одобрување на Завршната сметка на приходите и расходите за работата на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1991 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Комисијата за стопанство и мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес?

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака ? (57)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на Завршната сметка на приходите и расходите за работата на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1991 година.

**Минуваме на точка 39.**

Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител во Јавното обвинителство на Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на Одлуката молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител во Јавното обвинителство на Македонија.

**Минуваме на точка 40.**

Предлози на одлуки за разрешување од функцијата судија на Окружниот суд во Скопје.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот на одлуката за разрешување на Владимир Бабунски од функциајта судија на Окружен суд во Скопје,

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор,  го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување на Владимир Бабунски од функцијата судија на Окружниот суд во Скопје.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката за разрешување на Светлана Савиќ од функцијата судија Окружниот суд во Скопје.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам ,претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување на Светлана Савиќ од функцијата судија на Окружниот суд во Скопје.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

**Минуваме на 41-та точка.**

Предлог на одлука за разрешување од функцијата судија за прекршоци во Општинскиот суд за прекршоци во Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам прет-ресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање. Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака. (61)

Кој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката

за разрешување од функцијата судија за прекршоци во Општинскиот

суд за прекршоци во Скопје.

Отворам претрес по Предлог-одлуката за разрешување од функцијата судија на Општинскиот суд во Кавадарци.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на Одлуакта го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (63).

Кој е против (1)

Кој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување од функцијата судија на Општинскиот суд во Кавадарци на Ристо Делевски.

**Минуваме на 42-та точка**.

Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.
Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (63)

Кој е против? (Никој)

Кој се воздржува од гласање (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на 43-та точка.**

Предлог на одлука за именување на вршител на должноста директор на Македонската информативна агенција (МИА)

Предлогот на Одлуката Ви е поделен.
Отворам претрес.

БЛАГОЈ ТОШЕВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ предлага да не се разгледува изборот за вршител на должноста директор на Македонската информативна агенција, од следните причини:

За ова раководно место на Македонската информативна агенција, соодветна комисија при Собранието на Република Македонија од четирите кандидати го има Предлогот за господинот Лазар Бунтевски. Од причини што за Македонската информативна агенција од сите норми и критериуми треба да биде поставена личност со соодветно стручно познавање, што подразбира познавање и искуство од работата во новинските агенции и дневните информативни куќи, потоа личност која секојдневно со соодветните агенции во светот слободно ќе комуницира и ќе воспоставува контакти и односи на соработка, преку познавање на еден или повеќе странски јазици, како и пред се личност со изразени организаторски способности, Предлогот на комисијата не е прифатлив и не задоволува ниту еден од овие основни критериуми. Имено, предложениот кандидат не познава странски јазик ниту еден, па се прашуваме како оваа личност ќе воспоставува контакти со странски агенции, ако не знае јазик. МИА треба да го продава својот сервис на информации од Македонија во странство, а тоа е пред се на директорот, а како ќе го прави тоа, дали со мимики, со гестови или со прстови, не ни е познато. Резултатите што ги има постигнато ова лице во Стопански весник, јасни се, не излегува повеќе а во Телевизија Скопје најголем дострел беше кажувањето на временската ситуација.

До кога во Македонија ќе се форсираат татини и мамини синови со благослов на врвни личности од Републиката. Зошто не се даде шанса на млади, стручни луѓе што познаваат јазици, што виделе свет и што можат да не внесат во Европа. А ние дозволуваме токму тие стручни кадри да ни бегаат во Канада, во Америка, во Австралија а во последно време во Нов Зеланд и во Јужна Африка.

Од овие причини, г-да пратеници предлагаме потрезвено да пријдеме на оваа работа и повторно да ја задолжиме Владата да ни понуди кандидати, стручњаци од оваа област, кои ќе знаат да направат агенција и да го осмислат нејзиното работење, без да се вршат партиски и други притисоци околу изборот на кандидатот, како не би се оставило впечаток дека ова е во духот на досегашните времиња за избор по пат на подобност, а не за способност стоиме на барањето Предлогот да не биде разгледуван на оваа седница, се до изборот на стручно способна личност која со сигурност ќе може да води, и пред се, да ја конституира ова значајна за Република Македонија информативна агенција.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

Г-да пратеници,

Предлогот што е даден од страна на Комисијата за именување и назначување при ова Собрание за директор на МИА да биде поставен Лазар Бунтевски, досегашен коментатор на Теле-

визија, слушајќи за него и за неговите почетоци од времето на поставувањето до денеска бил како човек со многу голема лабил-ност.

Во неговото 20-годишно новинарство, дали има напишано 20-тина коментари, што претставува голем хендикеп во новинарските норми.

Почитувани пратеници,

На оваа драга и многу сакана Република Македонија за да биде поставен на едно такво место во една таква информативна куќа таква личност, е права негација за демократијата за земјата. Сето ова ќе го потврдам со исказите на една врвна личност на Македонската кинематографија Диме Шумка. На истиот на 20 април 1980 година кога му се славеше 35-годишнина Јубилеј на неговото уметничко творештво во тогашно време, Лазар Бунтевски жеден за функција и не гледајќи пред него до каде ќе стигне како претседател на Дисциплинската комисија на тогашната телевизија поради задоволување на апетитите на тогашните раководители од телевизијата на овој датум и потпиша пресуда на споменатата личност, со која беше отстранет Диме Шумка од Телевизијата, со едно мало образложување дека истиот не ги извршувал работните задачи. Имено, Диме Шумка како уметник со направени 22 изложби од културно историско наследство на Македонија. Од ова негово ликовно творештво Република Македонија продала 42 слики како врвен бакар и резба на разни држави и државни делегации што ја претставувале тогаш Македонија, како на пример на Маргарет Тачер, Куа Фенг, Кимил Сунг, Кенад Каунда, претседателот на Вестфалија и многу други и на сите побратимени градови во светот со Скопје. Како филмски сценограф автор и асистент на 36 филма, а може да се издвои и филмот Солунски атентатори како најголем сценографски проект кај нас на Балканот и пошироко.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Ве молам, г-дине Личоски, не е на дневен ред Шунка.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

За Телевизијата беше еден од основачите. Урбаниста и градител на Радио-телевизискиот центар во Долно Нерези. Според тоа, сметам дека ваквата личност не би требало да се постави за директор, бидејќи тој истиот Лазо Бунтевски му потпиша пресуда на човек со три мајсторски титули, со 10 златни плакети, 2 златни арени, 3 ордена, 4 повелби за почесен граѓанин и ред други пофалници. Сега самиот и денеска се чуди како може да го стори еден таков човек кој веројатно и тој под притисок на тогашните моќници беше притиснат да се промени една таква врвна личност, која што верувам дека таква личност ретко може да се најде со едно такво реноме, како што е Диме Шунка. Повеќе од сигурно е дека голем притисок е извршен на Лазо да го смени тој човек, бидејќи истиот не им свири во оркестарот на моќниците.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Кога на Комисијата за избори и именувања дојде на дневен ред оваа точка, јас како член на таа комисија поставив две принципиелни прашања.

Едното принципиелно прашање беше околу постапката како четирите кандидати беа предложени на таа седница, дојдоа како предлог на Владата, притоа, имајќи предвид дека ние како законодавно тело, а воедно и како основачи на оваа агенција практично немавме потреба да имаме иницијатива за кадровско решение од самата Влада. Тоа беше едната работа. И втората работа која ја поставив како дилема, а што се случи на самата седница што Предлогот на Владата за кој требаше министерот за информирање да го брани, всушност, се огради како односно укажа на тоа дека Министерството за информации не стои зад овој кандидат што подоцна беше изгласан и од тие причини, јас практично се воздржав и не дадов поддршка.

Овде, по повод постапката и кандидатурата на овој кандидат се изнесоа и некои други работи за кои не можам во овој момент да тврдам колку се точни, колку не, меѓутоа, пратеничката група на Реформски сили на Либерална партија поддржува оваа точка да се одложи, а исто така бараме еден работен зак-лучок на наредната седница до крај да се спроведе постапката околу кандидирањето директор за агенцијата МИА, бидејќи сами знаете колку битка биевме околу дилемата, Закон, име итн. и сега практично да не дојдеме во ситуација самите да бидеме пречка за основањето на таа агенција, дотолку повеќе што се работи за привремен директор кој треба 6 месеци да работи, а потоа се објавува конкурс согласно јавноста е достапна на секој граѓанин да може да конкурира на еден ваков начин, да се овозможи една демократска процедура. Значи се согласуваме како првичниот предлог што го даде г-динот Тошев оваа расправа да се одложи од денешнава седница.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Еден пратеник даде предлог оваа точка да се одложи од дневниот ред и мислам дека претседавачот требаше да интервенира во тој момент, да го ставеше тој предлог и доколку Собранието го усвои тој предлог, а очигледно дека ќе го усвои, мислам беспредметна е сета ова расправа што се водеше и дури оние крупни дисквалификации што беа изнесени на негово име.

Предлагам, прво да се произнесеме по Предлогот ако остане точката на дневен ред, тогаш да влегуваме во расправа.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Јас отворив претрес по оваа точка и секој има право да каже. А што ќе заклучиме, за тоа ќе се договориме на крајот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитувани пратеници, јас немам против ниту еден предлог, за и против кандидатурата на било кој, вклучително и на г-динот Бунтевски. Исто така немам против предлогот да се бара одлагање на било која точка и да се изрази сомневање во соодветниот избор. Меѓутоа, сакам да предупредам малку човечки дека начинот на кој што се дисквалификува една личност што дошла на дневен ред на Собранието, не можам да го прифатам било за која личност да се работи.

Ако на овој начин се обидуваме да дисквалификуваме предлог, што не ми се допаѓа верувајте дека утре секој од нас ќе се најде во иста ситуација и со помалку или со повеќе проверени квалификации и дисквалификации ќе биде изложен на Судот на јавноста, а нашиве седници како што знаете, се јавни, а се работи за луѓе што поминале еден дел од својот живот работејќи некаде, се работи за луѓе родители, се работи за луѓе, едно-ставно, коишто сепак веројатно имаат малку повеќе достоинство.

Значи овие квалификации на ваков начин за било која личност, велам јас, лично како пратеник, не можам да ги прифатам секој да се согласи, да не се согласи со предлогот. Квалификациите секогаш треба да бидат и проверени, па дури и ако се проверени, кога се работи на овој начин, кога јавно се говори за некоја личност, навистина не може на ваков начин да се говори.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Јас чуствувам за потребно да ве потсетам за нешто. Кога ја донесовме одлуката за формирање на агенцијата, таму внесовме и една одредба дека бираме вршител на должност, директор на агенцијата, кој што има точно утврдени задачи да направи подготовки за распишување на конкурс за избор на директор и за избор на Совет на агенцијата МИА. Според тоа, сето тоа, беше орочено во рок од два месеца. Ние денеска не бираме директор на МИА, туку вршител на должност што сите овие подготовки треба да ги заврши, па тогаш да се оди на конкурс и да се бира директор. А рокот од еден ипол месец е поминат и ни останува само околу петнаесетина дена, значи треба да се навратиме повторно да ја измениме одлуката што ја донесовме за формирање на МИА; бидејќи таму утврдивме динамика. Ако ја одлагаме од денешнава седница, тоа значи дека ќе треба да се враќаме повторно на Одлуката на МИА, што изгубивме толку драгоцено време овде.

Јас немам право да сугерирам никаква одлука, само да ве потсетам на таа одлука. Но, работата е на пратениците. Ние имаме овде предлози, имавме и од г-динот Тошев и од г-динот Крстевски ова да се одложи. Но, да го дефинираме предлогот дали одлагање од оваа седница или понатаму да се создадат услови комисијата да расправа, со оглед на фактот што сме соочени со рок утврден од 2 месеци.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мислам предлогот беше јасен, да се одложи од оваа седница, меѓутоа, да има работен заклучок за првата наредна седница целокупната постапка врзана со Комисијата за избори и именување да се направи, бидејќи сите овие работи, се согласувам во потпотлност со ова што г-динот Гошев го изнесе како однос што треба да го градиме за било кога овде се предлага. Меѓутоа, не беа изнесени на таа седница и се одеше со тие кандидати, дополнително два беа предложени во една демократска постапка како што работи Комисијата и се дојде до овој предлог. Да имавме некои од овие сознанија, можеби и тогаш ќе отворевме расправа и дилема, меѓутоа, мислам дека не е принципиелно таму да се гласа на еден начин, а овде да се дојде со други опции.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Само да ве потсетам дека наредната седница е закажана за вторник на 14. Дали ќе стасаме во вторник да имаме предлог.

Значи, ви го предлагам следниот Заклучок: Да ја одложиме од денешнава седница расправата, Комисијата да достави предлог за една од наредните седници.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака ? (Мнозинството пратеници).

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (1)

Констатирам дека Собранието заклучи на една од наредните седници Комисијата да достави предлог во светлината на овие сугестии што беа изнесени тука.

**Минуваме на 44-та точка.**

Предлог на одлука за именување член на Советот на Народната банка на Македонија.

Предлогот на Одлуката Ви е доставен. Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (47)

Кој е против? (Никој)

Кој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување член на Советот на Народната банка на Македонија.

**Минуваме на 45-та точка.**

Предлог на одлука за именување претставник на Републиката во Советот на Институтот за старословенска култура во Прилеп.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.
Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор господинот Алил Џаферовски.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Сакам да го прашам претседателот на Комисијата за избор и именувања зошто еден член во Советот на институтот за старословенска култура. Статутот на Советот не е изменет. Во Статутот пишува дека треба да се бара од членови на советот и од оние места каде што, после преструктуирањето на државата не треба да се бара и мислам дека треба да бидат два члена од Собранието на Македонија. Инаку немам друга забелешка.

Не знам како тие го имаат барано, но мислам дека е гершка и треба да се провери.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Бидејки прашашето е чисто математичко, да кажам дека прво Институтот бара еден претставник. Така да Секретарјатот за кадровски прашања предлага еден и Комисијата еден кандидат, а дали е во важност овој Закон, се додека бара значи дека овој закон за делегирање е во важност.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали некбј има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој) Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за

именување претставник на Рерпубликата во Советот на Институтот за старословенска култура во Прилеп.

**Минуваме на 45-тата точка** - Предлог на одлука за избор на членови на конкурсната комиисија за именување на индивидуален работоводен

орган на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци "Ранка Милановиќ"-Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отварам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлог на одлуката ја ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на конкурсната комисија за именување на индивидуален работоводен орган на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци "Ранка Милановиќ"-Скопје.

**Минуваме на 46-тата точка** - Предлог на заклучок во врска со примената на општествениот договор за заедничката политка за решавање на материјалната положба и развој на дневните информативно политички весници во СР Македонија ("Службен весник на СРМ"број 43 од 1981 година)

Предлог на заклучокот и извештаите на Комисијата за општествено политички систем, Комисијата за финансирање и буџет и законодавно правната комисија како и Мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор пратеникот Љупчо Јакимовски.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ: (прилог)

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ пратеник на ВМРО- ДПМНЕ:

Општвениот договор за заедничката политика за решавање на материјалната положба и развој на дневните информативно-политички весници во СР Македонија е склучен на 15 декември 1981 година, помеѓу Собранието на Република Македонија, Републичката Конференција на социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија (ССРНМ), Собранието на Град Скопје и Градската конференција на ССРНМ - од една страна и ООЗТ "Нова Македонија", ООЗТ Флака е влазримит" , ООЗТ "Бирлик" и ООЗТ "Вечер" - од друга страна, и во времето во кое е потпишан можеби имал некаква смисла и функција, но денес, дванаесет години подоцна - претставува реликт на самоуправниот социјализам и договорната економија.

Со настапувањето на новите демократски процеси и услови неговото натамошно важење е чист анахронизам и непримерност. Бидејќи општествените демократски текови од сцената ги исфрлија сите потписници освен Собранието на Република Македонија; ССРНМ прерасна во социјалистичка партија, Собранието на Град Скопје од минатата година го откажа своето учество во Договорот, а "НОВА МАКЕДОНИЈА" се трансформира во општествено претпријатие по никоја основа државата не е должна и понатаму "да учествува, во финансирањето на нејзината дејност. Останатите три ООЗТ се . . трансформирани во редакции при НИП "Нова Македонија". Со донесувањето на новиот Устав на Република Македонија престанува да постои и формата Општествен договор. Натамошната примена на спорниот општествен договор им дава право на сите општествени претпријатија од Републикава да бараат покривање на своите загуби од Владата, а од Републичкиот буџет, оти нема никакво оправдание едно претпријатие да биде со нешто попривилегирано од другите.

Поволните плурални општествени текови доведоа и до појава на повеќе нови информативни гласила во Републикава кои се лишени од секаква материјална или финансиска државна поткрепа и се ставени во подредена положба во однос на изданијата на НИП "Нова Македонија' Ако се има предвид фактот што Македонија е релативно мало јазично подрачје и практично е невозможно пазарно однесување на новоформираните информативни гласила, државата Република Македонија, поточно нејзинатам Влада по никоја основа не смее и понатаму кон едни да се однесува како мајка, а кон други како маќеа. Постоењето на Општествениот договор е пречка за подеднаков третман на сите информативни гласила кои излегуваат во Република Македонија и од тие причини предлагам негово укинување,

Треба да се има на ум и состојбата што Република Македонија има слободно избран плурален парламент составен од пратеници со различни политички определувања и што тој Парламент е одраз и израз на политичката слика на расположението на граѓаните на Република Македонија и да се сфати

целата апсурдност на постоењето на еден закон Општествен договор, кој не е никаков одраз на сегашниот спектар:Од различни политички убедувања на граѓаните на Република Македонија, а знаеме дека од нивните приходи се гради Буџетот.

Воведувањето на пазарните услови за стопанисување, поточно залагањата за нивно заживување се уште еден фактор кој треба да влијае на напуштањето на овој Општествен договор, бидејќи неговото натамошно применување им остава простор за комоција и монополско однесување на редакциите на изданијата на НИП' "Нова Македонија"

Тоа би биле само дел од причините со кои се водев при предлагањето на Заклучокот и однапред ги отфрлам сите обиди сево ова да се квалификува како желба за мешање во уредувачката политика на изданијата на НИП "Нова Македонија", зашто за тоа навистина нема никаква основа. Обидите да се спречи донесувањето на Одлуката, од кого и да е не би можеле да се сфатат никако поинаку, освен како желба за сопирање на демократските процеси кои се одвиваат во македонскиот информативен простор и како желба за реставрација на еден веќе истрошен општествен модел. Пазарот треба да биде мерка за квалитетот на стоките и услугите и од тоа правило не треба да отстапува ни информирањето.Финансиската интервенција на државата во оваа сфера, барем во преодниов период е неопходна, но таа мора да биде еднаква и рамномерно распоредена на сите.

Реален и праведен модел за таквата интервенција треба да изготви Министерството за информации при Владата на Република Македонија, а него како акт да го донесе Собранието.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Во време кога секојденевно сме слушатели и свидетели на поимот пазарна економија само по себе се наметнува прашањето за престанок на важноста на Општествениот договор за заедничката политика за решавање на материјалната положба и развој на дневно-информативните политички весници во република Македонија во 1981 година.

Можноста за престанок на важноста на Општествениот договор беше поттик за симптоматичното писмо од НИП Нова Македонија, од 14.02.1992 година упатено до претседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Стојан Андов, а потпишано од генералниот директор на НИП Нова Македонија господинот Панде Колемишевски и главните и одговорни уредници на"Нова Македонија ',' "Флака е влазеримит" и "Бирлик".

Во писмото се повикуваат на преиспитување односно изменување и дополнување на овој договор односно расправата по ова прашање подразбира нужна и целосна информација за значењето на овој договор.

Всушност според писмото на директорот на Нова Македониа Панде Колемишевски донесувањето на Одлука за престанок на договорот без алтернатива би имало неповолни последици, а тоа значи дека неминовно би се зголемиле цените на Нова Македонија и Вечер од 30 на 70 динари, а денес веќе се 50 динари, иако Вечер не е опфатен со Општествениот договор, а би биле оштетени голем број на граѓани, што според мене е смешно и провидно кога се знае дека бројот на читатели на Нова Македонија од ден на ден е се помал. Всушност примерот со така наречениот независен неделник "Пулс", под патронатство на Нова Македонија се поколонува со секоја купена пица од пицеријата Дал-Фуфо, а тоа е доказ за квалитетот и објективноста на инфор- мирањето, па според тоа и за продаваноста на повеќе весници од НИП Нова Македонија.

Поради тоа се предлага, подобро кажано сугерира или според мене се наложува од директорот на Нова Македонија господинот Колемишески да се формира комисија за ова наводно комплексно прашање.

Во цела оваа, би ја нарекол уjдурма, симптоматично е што генералниот директор на НИП Нова Макеоцнија не навремено реагира од кога дозна дека прашањето за престанокот на важноста на Општествениот договор е на денвен ред, а покренато од пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Љупчо Јакимовски реши да се јави со писмо и да предложи или по мое мислење наложи излез од оваа по него наводно комплексна ситуација.

Исто така не јасно е како раководствотона НИП Нова Македонија на чело со директорот може да бара помош од државата кога целото општество се стреми кон пазарна економија, па би се запрашал за какво општество се залагаат горе наведените господа кога секојдневно слушаме и читаме преку Нова Македонија и Вечер дека пазарната економија е единствениот излез од оваа катастрофална состојба во Републиката при Македонското стопанство.

Кога ќе се земе предвид дека 8о и повеќе посто од Македонските претпријатја се пред економски колапс а преку двеста илјади работници се без работа, како технолошки вишок или невработени, благодарение на договорната економија и манипулациите на комунистичките директори. Затоа само по себе се наметнва прашањето со кое право издавачката куќа НИП Нова Македонија бара издвојување на средства во висина од 188,5 милиони динари колку што е предвидено во буџетот. Слетсвено како може една голема инвестиција во вредност од 9,5 милиони долари печатницата на Нова Македонија да се монополизира и да се користи само за свои цели и комерцијална добивка. Значи се продолжува со една традиција од времето на едноумието кога на комунистичката партија и беа потребни гласила за пропагандна на комунизмот, на што и денес сме свидетели. Всушност не е никаква тајна дека НИП Нова Македонија со своите дневни и неделни весници на македонски јазик исклучиво ги штити и брани интересите на таканаречените леви партии на чело со преобразените комунисти, денешните социјал демократи и секогаш биле против националните партии кои опстојуваат во Македонија лепејки разни квалифакативи на бугарофили, бугари,србофоби и други квалификации кои исклучиво одат на штета на македонскиот народ и македонската кауза.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господине Флоровски не знам што има заедничко со дневниот ред тоа што го говорите.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Ке дојде, ќе слушнете што има заедничко. Мислам не е културно да ме прекинувате.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Ние треба да расправаме по овој заклучок и предлогот што е предложен.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Јас мислам дека е во контекст на точката и треба да ме сослушате, или вие сте видовит можеби како господинот Андов.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Ве молам придржувајте се на точката на дневниот ред.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Всушност би го потсетил директорот на НИП Нова Македонија господинот Панде Колемишески кој се декларира како голем демократ, на текстот објавен под име -"Вевчани дамко наша" од 14.о8.1987.

Во весникот Нова Македонија колку за потсет ќе цитирам неколку извадоци од овој текст:

~ Поврзаноста со личности кои во определени периоди дошле во судир со системот на социјалистичкото самоуправување со такви кои биле и се туѓи на Сојузот на комунистите и наводниот штрајк на младинците кои по многу тврдења, според пишувањето во овој текст денес штрајкуваат, а ноќе ги полнеле стомаците .

Да би се запрашал за кои личности се работи во горе наведениот цитат кои биле туѓи на социјалистичкото самоуправување на позицијата на Сојузот на комунистите. Тоа се личности кои не се согласувале со самоуправувањето и затоа биле жигосани и кој биле и уште се национално определени, кои вие како директор на НИП Нова Македонија и вашиот весник ги нарекувавте и уште ги нарекувате националисти, шовинисти, ВМРО и уште како не.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Ве молам обратете му се него со писмо немојте овде реферати да држите.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Може ли крајот да го прочитам.

...како заклучок стои фактот дека Општествениот договор од 1981 година треба да престане и НИП Нова Македонија да сфати дека со уценувањето на Македонскиот парламент само се компримитира пред очите на јавноста, но пред се изгледа дека иницијативата на пратеникот на ВМРО Љупчо јакимовски ќе претрпи неуспех во смисла што веќе однапред се добиени гласовите на така наречените леви партии, гласовите од пратениците на коалицијата на ПДП и НДП. Благодарам што ме прекинувавте цело време.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Вие имате право да пишувате до Нова Македонија, не од овде да се обраќате. Инаку секој што нема да се држи на темата на дневниот ред ќе биде прекинат.

Дали некој друг бара збор?

МИТКО АТАНАСОВСКИ:

Не сакам да напаѓам ниту да навредувам никого, но сакам да обрнам поголемо внимание на новинарите од "Нова Макеоднија" и другите дневни весници.

Знаеме колку не сакаат и знаеме зошто работат. Некако во Парламентот успеваме да најдеме заеднички јазик но во печатот, воопшто не успеваме да најдеме заеднички јазик. За жал, иако таму повеќе се македонци.

Видете од каде тргнува, весникот "Нова Македонија" е најчитан и "Вечер "бидејќи не постои друг весник, за жал кога заседаваме тука другиот ден обично сите го читаме весникот. Во весниците многу малку простор даваат на мојата партија и на некои од независните кандидати и на Паритјата на господин Голубовски.

Од друга страна погледнато, даваат повеќе простор на некои од рефератите што ги читаат господата од Либералната паритја, реформисти, како ја викаат таа партија, вашата партија јас не можам да ги кажам зборовите, тие зборови, да ми извините, не можам да ја погодам, многу пати, навистина не ве знам како се викате тие букви не можам да ги запамтам...

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Јас ве молам немојте со пратениците да разговарате.

МИТКО АТАНАСОВСКИ:

Нависитна, навистина не знам, како се вика Партијата.

Меѓутоа, за да тоа се регулира, се обраќам прво до новинарите од тие весници, да бидат по објективни затоа што преку тие весници се читасв.истината на целата наша стварност, на Македонија. Ако се прикриваат некои работи или ако се преувеличуваат, тоа носи штета како на домашниот читател, така и надвор од земјата. Критиката  што денеска ја упатувам, ја упатувам до раководствата на весниците што не ги иманувам и до поголем број новианри од нашиот дневен печат.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Николовски од министерството за информации.

ЈАНКО НИКОЛОВСКИ:

Акои може да објаснам и да го олеснам евентуалното решавање и заклучување.

Нешто мораме да се разбереме. Владата, точно утврди, забележа што и не тешко дека во новите услови ниту едно информативно политичко гласило па и дневно информативно политичко, не може да егзистира и да издржи ако го фрлиме веднаш на пазарот. Затоа Владата, мислејќи пред се и базирајќи се на Општествениот договор и ценејќи го сепак како една надмината форма иако Договор како договор може да биде и облигационен и граѓански, секако, го задолжи Министерството за информации да направи модел за финансирање на печатот, за радио дифузијата, за што подготвуваме закон, но тоа е друго прашање.Моделот подразбира, тоа е клучното прашање за што требаше и покрај тоа да го изразам, не подразбира финансирање на еден весник или на една новинско-издавчака куќа. Во никој случај. Подразбира учество во финансирањето на еднакви принципи, финансирање на печатарски трошоци, исклучиво на рото-хартијата на поголем број весници и списанија.

За тоа веќе подготвивме една одлука со основни критериуми. Првиот основен критериум е  заправо учеството во дел од трошоци на рото- хартијата. Тука ќе се јави проблем кај оние весници што имаат поголем тираж. Заправо кај нив ќе нема проблем односно ќе има проблем кај весниците со помал тираж. Затоа, во тој модел на посебна позиција ги водиме весниците на јазиците на националностите кои во овој момент имаат многу мал тираж. На тој начин мислиме дека ќе го разрешиме овој проблем.

Идејата ми беше да кажам дека тие 190 милиони динари што се влезени во еден од разделите на буџетот не се наменети за една новинска издавачка куќа, во ниту кој случај. Подготвуваме модел за кој што молам да дозволите да го донесе Владата со своја одлука. Затоа што ако Парламентот се претвори во свој сопствен Извршен орган, тогаш зошто би била Владата.

Ќе изгубиме многу време. Веќе е четврти еве и петти месец и може да се случи да згасне уште некое гласило. Не само од овие новите туку и од оние со поголема традиција. Затоа доколку се инсистсира Собранието да ја донесе таа одлука, молам напоредно со тоа да се  разјасни околу овластување на Владата авансно да ги помага весниците и списанијата до моментот кога ке имаме еден цврст документ, барем за оваа година.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара збор? (не бара).

Ние сме соочени сега со еден факт, рокот од точката 2 од Заклучокот или да го измениме или да причекаме вториот дел за оние точки што ги поместивме за подоцна кога ке дојдат претставници на Владата, бидејќи без претставник на Владата не можеме да го фиксираме рокот.

Во точкта 2 од заклучокот стои дека Собранеито ја задолжува Владата на Република Македонија на Собранието да достави акт со кој ќе понуди соодветни решенија за учество на Републиката во финансирањето на дневните весници и списанија, најдоцна до донесувањето на Републичкиот буџет за 1992 година. Бидјеќи буџетот го донесовме, овде само треба да предложиме во кој рок Владата да предложи на Собранието.

Има збор пратеникот Јакимовски.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Бидејќи Комисијата за општествено политички систем, на седницата одржана на 30 март 1992 година, тоа е по донесувањето и усвојувањето на Републичкиот буџет пак расправаше по предложените заклучоци и изменет е второт став од заклучокот, така што со измената гласи:

"Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија во рок од 20 дена да изготви и на Собранието да му достави акт со кој ќе понуди соодветни решенија за учество на Републиката во финансирањето на дневните весници и списанија, според кои ќе се врши распределба на средствата предвидени со Републичкиот буџет за 1992 година".

Значи, од денеска 20 дена би бил рокот.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Значи, предлог на Комисијата за општествено политички систем е да се измени точката 2 од заклучокот.

Предлгот на заклучокот содржан во извештаите на Комисијата за општествено политички систем, со оваа корекција што ја соопшти господинот Јакимовски, ја ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (Нема).

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот содржан во Извештајот на Комисијата за општствено политички систем.

**Минуваме на точката 47** - Предлог на одлука за давање согласност на измените и дополнувањеата на Статутот на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита "Елисие Поповски - Марко" Скопје.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за образование,

наука и култура и ЗПК Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на долуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани?(1)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност за измените и дополнувањата на Статутот на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита "Елиисе Поповски Марко"-Скопје.

Со ова точките што беа предвидени по редоследот од дневниот ред ги исцрпевме. Останаа оние што ги оставивме. За нив е потребно присуство на претставниците на Владата.

Објавувам кратка мпауза од 15-тина минути за да дојдат претставници на Владата потоа ќе продолжиме по точките што ги оставивме.

По паузата, седницата продолжи во 16,30 часот а со седницата продолжи да раководи господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Можам да констатирам дека намаме кворум. Не знам дали да чекаме. Во меѓувреме некои од вас да не си одат. А, сега треба да расправаме за втората точка. Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македоднија и минстер за односи со странство, а тој не е тука.

Потоа, го имаме Законот за Републичката управа за царини. Тука е министерот за финансии а тука е и потпретседателот Жута. Што се однесува до Законот за продажба на општествените станови министерот Лепавцев не е присутен, а за Кривичниот закон на СФРЈ не е присутен ресорниот министер.

Од службите сум информиран дека имаме кворум и можеме да продолжиме со работа.

**Минуваме на точката 18** - Предлог за донесување на закон за Републичката управа за царини.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и

извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство, ЗПК и Комисијата за општествено-политички систем ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Републичката управа за царини.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака) .

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес,

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 6 став 1 и 3 и на член 18.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 10, став 2, а пратеникот Тодор Петров, поднесе амандмани на насловот и сите одредби во кои се содржани зборовите "Републичка управа на царини" на член 2, на насловот на глава II, на член 11 став 1, на член 13, точка 3 со кои се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет и претставникот на Владата го прифатија амандманот поднесен од пратеникот Тодор Петров на член 12 став 2 во модифицирана форма, а пратеникот Тодор Петров се согласил и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров, на седницата на Комисијата за финансирање и буџет ги повлече амандманите на член 3, на член 6 став 3 за додавање нов член 9-а, на член 10 став 2, на член 11 став 3, точка 1 за додавање нов став 2 по ставот 1 на член 13 а на седницата на ЗПК го повлече амандманот на член 9 став 2.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на членовите 5, 7 став 2, член 8 и на член 10, став 3. Пратеникот Тодор Петров, поднесе амандмани за додавање нови членови 9-б, 9-в и 9-г,на член 10 став 3, на член 16 став 1 и 2, за додавање нови членови 16-а, 16-б и 16-в и 16-г и на член 17. Пратеникот Санде Давчев поднесе амандман за бришење на ставот 2 на членот 5 и за додавање нов став со кој не се согласил претствникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од Комисијата за стопанство.

Молам, дали некој бара збор? Има збор господин Ѓоргиев.

ПЕТАР ЃОРГИЕВ:

Комисијата за стопанство, расправајќи по Републичкиот закон за царини, оцени во основа дека треба да се измени, како што гласи и самиот наслов "Републичка управа за царини" во член 5, како е предложено од страна на предлагачот. Управата за царини е самостоен орган на управата со својство на правно лица. Овие два става да бидат во еден став и Републичката управа за царини е самостоен орган на управата со својство на правно лица.

Битна измена се прдлага во вториот дел од тој амандман, во чиј состав се и царинарниците како подрачни органи.

На Комисијата за стопанство посебно се расправаше за овој дел и се разјасни делот на царинарниците што сега се како царинарници и фигурираат како царинарници во Битола, Гевгелија и Скопје како подрачни органи, од причина што доколку бидат во состав на една Управа за царини, тоа е Републичката управа, без посебни свои овластувања како посебни органи, на одреден начин би се усложнила постапката околу остварувањето односно реализацијата на царинењето, а во подрачјето на Републиката има посебно, со осамостојувањето, се поголема потреба од извршување на оваа услуга.

Оттука, сметаме дека треба да се прифати овој амандман 1 на членот 5, така што во Законот стои дека царинарниците како подрачни органи да бидат самостојни, а Управата за царини како е предложено овде,да биде Републичка управа за царини.

Вториот и третиот амандман се непосредно поврзани со првиот амандман. Кога ќе дојдеме на нив, ако е потребно некое објаснување ќе укажам на потребата од измена, доколку се прифати овој амандман, од измена и на член 7

што ги уредува односно се уредува делот на изборот на директорот на Царината, а исто така и во член 10 каде што се уредуваат одредени дејствија односно за носењето на службената облека.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Има збор претставникот на Владата, министерот за

финансии.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитувани пратеници, Владата не може да го прифати овој амандман, како што беше објаснето и на Комисијата, бидејќи содржината на амандманот не е во согласност со член 81 од Законот за органите на управата каде е предвидено за вршење на одредени управни, административни, стручни и други прашања и работи да се формираат органи во состав само во Министерството, но не и во другите организации.

Републичката управа за царини или како по прифатениот амандман стои Царинската управа не може да биде составена од повеќе самостојни организациони целини. Таа, по својата функција е единствена служба и само така може да ги обавува работите, поради што Владата не го прифаќа овој амандман.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Поради специфичноста на оваа институција сметам дека треба да се поддржи Предлогот од Комисијата за стопанство, нивните амандмани, заради подобро функционирање и потенцирање на важноста на оваа институција.

Си го задржувам правото кога ќе дојде ред на другите амандмани предложени од оваа Комисија да дадам образложение зошто треба Собранието да има надлежност при конституирањето на оваа институција, а не Владата.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

БЕЌИР ЖУТА, потпретседател на Владата.

Почитувани пратеници, цinfrarinarниците беа составен дел на Сојузната управа за царини и во тие рамки како дел на целината до вчера ги вршеа своите работи. Новината во тој поглед е она што беше врската со Сојузот, Управата за царини наместо да биде југословенска ќе биде македонска. Таа управа се формира на ниво на Републиката без да се мешаат и да се менуваат компетенциите на царинарниците. Тие треба да претставуваат интегрирана целина, а не дезинтегрирана целина секоја царинска управа да се однесува како што ќе

смета без да има една целина во политиката на царините.

Ве молам, водете сметка за тоа оти утре каде би се нашле со оваа дезинтеграција, со оваа самостојност на царинските единици на подрачјето на Републиката,па секој да ја оцени целиходноста и однесувањето и да испадне, во зависност од тоа, дел од стопанството на Републликата каде има влез односно излез така да биде третирано. Дали би го допуштиле тоа? Ред ли е тоа? Систем ли е тоа?. Мислам дека тој амандамн не води сметка, во тој поглед мораме да обезбедиме еден единствен третман, а тој беше безбеден и не се нарушува. Секоја интервенција во тој поглед во нивното осамостојување значи дезинтеграција во царинскиот систем, а ние бараме единствено царинско подрачје со другиот закон како и еднииствен орган преку управата за царини и царинските единици. Ве молам водете сметка за тоа и од тие причини Владата не се согласи со тој амандман. Затоа што ќе внесеме елементи на дезинтеграција на целиот систем во царинската заштита, ќе внесеме и субјективизам, дали тоа ни е потребно. Мислам дека сега во најмала рака тоа ни е потребно и ве молам имајте го предвид тоа.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандамнот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (20)

20пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 поднесен од Комисијата за стопанство.

Отварам претрес по амандманот за бришење на ставот 2 на член 5 и за додавање нов став поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Дали господинот Давчев бара збор?

САНДЕ ДАВЧЕВ;

Почитувани пратеници, морам да ви кажам дека Законодавно-правната комисија го гледа овој амандман од друг агол, бидејќи не ја гледа потребата на стопанството во Источна Македонија Царинската испостава во Источна Македонија покрива 8 општини и 5 железнички станици. Не е проблем дали Штип ќе добие царина или не туку што добива а што губи стопанството во Источна Македонија. Ако се земе дека царинската испостава во Штип има повеќе декларации  и повеќе царински документи од царинарницата Битола и ако се погледаат сите проблеми дека во Источна Македонија има испостава, а нема царина, бидејки царината носи со себе други служби за решавање на сите проблеми во една царина, а не царинска испостава, ќе се види што добива стопанството во Источна Македонија што губи.Не зборувам јас дали ќе биде во Штип, нека биде во Кочани или било каде, но стопанството во Источна Македонија треба да добие полесно поминување на сите овие проблеми кои се јавуваат. Во разговор со министерот Тошевски директорот на царината ги прави царинарниците дали тој ја прави систематизацијата на царините во Македонија, но сметам дека во Штип треба да има една царинарница која ќе ја покрива цела источна Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Прво, како известител од Законодавно-правната комисија да кажам дека го гледаше амандманот на Санде Давчев и не го подржа. Би сакал да кажам лично мислење, во меѓувреме, дека амандманот во оваа постапка, во оваа фаза не би требало да се поддржи од причини што го нарушува системот на досегашната организација

(./.

на територијата на Република Македонија за да поефикасно се мине во оваа фаза да се преземат функциите самостојно од овој орган мислам дека треба да се остане на сегашната организација, а тоа не значи дека амандманот претпочитувајќи ги потребите на стопанството од Источна Македонија што треба во натамошна постапка на легитимен начин да се докаже дека истата царина самата треба да предложи со некоја нова фаза измена и дополнување на законот, ако се согледаат тие потреби. Сметам дека и предлагачот во таа смисла не би требало да инсистира,

Кога излегов на говорница сакам да кажам дека Законодавно правната комисија ги гледаше амандманите на господинот ТодорПетров поднесени на Предлог законот за Републичката управа на царина и при тоа ги подржа амандманите 1, 2, 3 , 4 и 7 за додавање нови членови 9-б -в и 9-г како и амандманот 9 став 1 и амандманот 10 став 1. Комисијата не ги подржа амандамните 8 став 2 , 12, 13 и 14 . Пратеникот Т одор Петров го повлече амандманот 6.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Пред дапоминеме на гласање барам да донесеме работен заклучок.

СТОЈАН АНДОВ:

Работен заклучок не може да биде наместо амандман. Тоа ќе оди на крајот, оти амандман е една врста на претрес, а друга е по заклучок.

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Тогаш нека се гласа?

СТОЈАН АНДОВ:

Кој е за молам да крене рака?

16 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на ставот 2 начленот 5 и за додавање нов став поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Отварам претрес по амандманот на членот 7 став 2 поднесен од Комисијата за стопанство .

Молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Владата не го прифаќа овој амандман, а тој е врзан и со амандманот 1, па поради тоа треба да се гледа во контекст на ставот на Собранието по амандманот 1.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Сметам дека директорот на Републичката царина треба да го именува Собранието заради подобра можнст на пообјективен избор и поголема автономија на таа институција.Мора да оценуваме малку и во контекст на општите состојби во кои што сега Републиката се наоѓа.Ние гледаме дека секаде каде институциите се во близина на можноста на корумпирање што се случува , јас отворено ќе кажам, па тоа нека биде сватено кој како сака, дека доколку Владата го именува директорот постои голема веројатност царинарницата да биде приватна царина и колку има луѓе во Владата толку пати д имаме контрола на таа царина. Мислам дека во овие моменти потребно е Собранието исклучиво да го одредува првиот човек , а направивме грешка и за првиот амандман што не го прифативме, да биде самостојна институција во системот.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Ве молам во содржината во расправата по законот да не мешаме и други аспекти. Се работи за еден организационен закон. Царината е самостојна организација, тоа никој не го спори и во законот тоа пишува. Разговараме по амандманот за самостојност на организациони делови, што е неприфатливо и затоа амандманот 1 со право не беше прифатен. Тоа не значи дека ќе нема организациони делови на пунктовите каде се врши конкретната функција на царината, но тие ќе бидат под единствена управа, под единствена технологија на работа и под единствен внатрешен режим на извршување на функциите. За тоа се работи.

Што се однесува до прашањето на овој амандман на членот 7 став 2 , тој треба да се доведе во контекст со решението во законот за органите на управата каде што кај сите републички организации раководителите ги именува Владата, а не Собранието. Ако се постави прашање од тој аспект така да се третира прашањето, тогаш треба да се поставaт и другите републички организациина на кои на сличен начин им е

регулиран статусот на избор на раководните работници, па да се направи интервенција во Законот за органите на управата каде е изворното решение. Од тој аспект, бидејќи Владата не предлага интервенција во тој закон во поглед на изборот на раководителите, таа останува на решението што е предложено во членот 6, став 2

Собраниет
о нека го цени овој аргумент на Владата и ако најде за потребно да го менува основниот пристап, тогаш ќе го смени во законот за органите на управата, а од таму консеквенто ќе го пренесе во другите.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Овде имаме очигледно една состојба кога од републичката управа Законот за републичките органи и организации сега ни се наметнуваат решенија во нова ситуација кога сме самостојна држава. Сигурно ви е јасно оти Македонија кога ќе добие меѓународно признание мора да стане самостојна членка на ГАТ фактички самостојна државна институција која треба да ги извршува меѓународните обврски непосредно, она што ќе произлезе од нашата спогодба со ГАТ таму прифатената наша царисна тарифа и Владата ќе има мало влијание околу работата на царината и царинската политика затоа што најголем дел ќе биде тоа меѓународно консолидирани царини и прифатени царини од таму. Само годишни царински контингенти со намалена царина некогаш може Владата да одобрува . Од таму ваквите институции се обично државни институции и обично во повеќето земји непосредно се осамостоени и раководителите ги именува Собранието. Точно е дека овој закон така вели, меѓутоа, тој закон е постар закон и тој мора да се менува, а овој сегашен специјален закон, лекс специјалис, како што викате тој ги уредува поинаку. Тоа е ваш израз, не е наш економски, Затоа тоа треба да го имаме предвид и да не ги преценуваме некои аргументи, туку треба постепено да сосздадаваме простор во едно ново време да видиме како ќе ги решаваме тие прашања.

Дали уште некој бара збор?

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Настојувањето на Владатада остане решението во членот 7 не е поради чувството или волјата да се оствари некакво влијание. Владата не може да има поинакво влијание од што произлегува од законот за регулирање на прашањата на царините.Според тоа, тоа по својата функција ги извршува законите и во тој контекст ќе ги извршува законите.

Јас го објаснив мотивот зошто е такво решението во овој закон и понудив солуција , ако е тоа прифатливо, паралелно треба да се покрене иницијатива за измена на таа формулација за да го усогласиме ставот на Собранието во поглед на ова што претседателот Андов објаснуваше кај сите републички односно државни органи односно организации кои работат како самостојни организации, Тука се уште архивот, тука е Заводот за статистика и

други.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е друга работа, сега овој закон го донесуваме.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Јас го поврзувам решението од ставот 2 со решението од Законот за органите за управата. Тука има поупатени во прашањето на правното регулирање нека дадат толкување и од Законодавно-правната комисија и од секретарот на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Важно вие само тој аргумент го имате.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Не само тој , туку ние го имаме тој аргумент, а Собранието може да се изјасни.

СТОЈАН АНДОВ:

Тој аргумент е за вашиот даден предлог. Сега треба да се разјасниме околу тоа дали претставува некоја пречка во постојниот закон за државната управа.Еве има правници па нека ни помогнат.

ТУШЕГОШЕВ:

Ако го погледнете членот 140 од Законот за органите на управата цитирам : "Со работите на Републичката управа, Завод или дирекција раководи директорот што го именува и разрешува од должност Владата доколку со Закон не е поинаку определено". Тоа значи со овој Закон може да биде поинаку определено да го именува и Собранието па отука сематам дека не постојат законски пречки во врска со таа работа.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа не е пречка .

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Доколку никој не бара збор , го заклучувам претресот по амандманот и амандамнот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (35)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 2, поднесен од Комисијата за стопанство.

Отварам претрес по амандманот на член 8 поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Овој амандман Владата исто не го прифаќа, а обаразложението е исто како по амандманот 1 и 2.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (мал број пратеници).

Констатирам дека Собранито не го усвои амандманот на член 8 поднесен од Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по амандманот за додавање нови членови 9-6, 9-в и 9-г поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Тодор Петров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Додавањето на новите членови 9-в и 9-г, после членот 9 во Предлогот на законот се состои во следното: Ние немаме утврдено објективизирани критериуми за тоа каде може да се основаат царинарници во Републиката. Имајќи предвид, независно што царинарниците се утврдени како организациони единици во рамките на царинската управа на Република Македонија, предлогот од моја страна во форма на амандман е царинарниците да бидат утврдени со закон.

Во членот 9-в предлагам работите и задачите на царините утврдени со закон да ги вршат царинарниците во Битола,Гевгелија и Скопје. Доколку се утврдат потреби од стопанството како што беше амандманот на пратеникот Давчев дека во оддделни региони во Републиката е потребно да се основа нова царинарница, тогаш тоа со измени и дополнувања на постојниот закон ќе биде повторно утврдено со закон, а не врз основа на одлука на Владата.

Исто така, во членот 9-г предлагам домашните и странските правни и физички лица самостојно да ја избираат царинарницата во која ќе го извршат царинењето на увезените стоки во Републиката, односно извезените стоки од Републиката кои ја преминуваат граничната линија.

На овој начин ќе се овозможи самостојно избирање на правото на домашните и странските правни и физички лица при утврдувањето на тоа во која царинарница при увозот или извозот на стоки ќе го извршат царинењето од постојните три. Независно што можеби граничните премини на кои ќе ја премине увезената стока царинската линија, нема да потпаѓаат во подрачјето на одделна царинарница. На пример, одделен стопански субјект ја увезува стоката на граничниот премин во Гевгелија, меѓутоа, самостојно избира царинењето да не го врши во царинарницата Гевгелија туку да го изврши во царинарницата Скопје.

Во членот 9-б предлагам работите и задачите од обласа на царините што ќе ги вршат царинарниците, подрачјата за одделна царинарница да може да опфаќа еден или повеќе гранични премини што ќе се определат нормално со акт на Владата. Внатрешната организација на работењето на царинарниците да го пропишува Владата со посебен акт на предлогот на директорот на царинската управа.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, службите да го пребројат бројот на присутните пратеници бидејќи некои излегуваат од салата и неможеме вака да работиме.

(Во салата се присутни 59 пратеници)

Не може да се работи на овој начин. Ние донесуваме одлуки кои во овој случај можат да бида противуставни. Речено е најмалку 61 пратеник дека мора да биде во салата.Така мора да биде. Овде се работи за амандмани. Невозможно е така да се работи.

Во ситуација сме да не можеме да работиме.

Ја прекинувам седницата сега и ќепродолжиме со работа утре во 10,

а натаму на 14 април вторник во 10,00 часот.Прво ќе продолжиме со оваа седница за да ја завршиме, а потоа ќе јаодржиме 37 седница по иницијативата на...

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Сакам да кажам нешто процедурално. Со оглед на бројноста на околностите под кои се гласаше изразувам сомневање и барам поединечно гласање на амандманот кој беше. На продолжението да се изврши ново гласање.

СТОЈАН АНДОВ:

Во претрес е текстот на законот и тоа е сосема нормално, може да се гласа.

Инаку, на дневен ред на 37-та седница на Собранието на Република Македонија ќе биде Иницијативата на СДС за предвремени избори.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (Од место)

И ова барање што го поставив јас.

СТОЈАН АНДОВ:

Тогаш ќе го разгледаме тоа. Ја прекинувам седницата.

(Седницата заврши во 17,10 часот.)